# СОДРЖИНА

*ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ*

- Минимална плата за 2025 година.......................................5

*САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

- Пресметка на плата и месечни аконтации кај самостојни вршители на дејност.................................12

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- Извршување на практикантска работа согласно Законот за практиканство во 2025 година..........................29

*ЈАВЕН СЕКТОР*

- Услови и начин на вршење на волонтерска работа во 2025 година..................................47

*ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА*

- Закон за заштита на потрошувачи...................................62

*ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ*

- Плати за месец Март 2025 година.......................................70
- Плати за месец Април 2025 година.....................................95

*ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ*

- Валоризациони коефициенти за пресметување на платите од поранешните години за утврдување на пензиска основа на ниво на платите од 2024 година, за пензиите остварени во 2025 година..............................120
- Коефициент на МДБ за Март 2025 година..........................125
- Коефициент на пораст на цените за Февруари и Март 2025..................................................126
- Референтна каматна стапка за период од 01.01 до 30.06.2025 година............................................130
- Цени на гориво..............................................................132
- Рокови за поднесување во Април 2025 година .................133

*ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ*........................................137

**СКОПЈЕ, АПРИЛ 2025**

**4**

# ПЛАТИ И ПРИДОНЕСИ

дипл.економист: Ромео Костадинов

## МИНИМАЛНА ПЛАТА ЗА 2025 ГОДИНА

***Согласно Објавата на МТСП во ("Службен весник на РСМ" 67/2025 година), висината на Минималната плата во РМ, почнувајќи од месец МАРТ 2025 година, па заклучно со месец ФЕВРУАРИ 2026 година, ќе изнесува 36.037,00 денари во БРУТО износ, односно 24.379,00 во НЕТО износ.***

### *ВОВЕД*

Со одредбите од Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија" 11/12...41/22), се уредува висината на минималната плата.

Минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата, која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време.

Право на минимална плата, имаат сите работници, во висина утврдена со законот.

Висината на минималната плата на работникот кој работи со скратено работно време или остварува помалку работни часови од полното работно време, се пресметува сразмерно на бројот на остварените работни часови.

***НАПОМЕНА:** Одредбите од Законот за минимална плата не се однесуваат за самовработените лица (работодавачите).*

# *1. УТВРДУВАЊЕ НА МИНИМАЛНАТА ПЛАТА*

## *1.1. Начин на утврдување на висината на минималната плата*

Согласно член 4 од Законот за Минимална плата ***(во продолжение Законот),*** исплатената висина на минималната плата во бруто износ за претходната година, се усогласува во **МАРТ** секоја година, со:

- **50% од порастот на просечно исплатената нето плата во РС Македонија, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика која изнесува:**
- **50% од порастот на индексот на трошоците на живот, за претходната година, според податоците на државниот завод за статистика.**

Висината на минималната плата, утврдена на овој начин, **не може да биде пониска од 57% од висината на просечно исплатената нето-плата** во РС Македонија за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика, а која изнесува:

**23.506,00 денари (41.239,00 x 57%)**

Просечниот износ на исплатената месечна нето-плата **за работник, кој работи помалку од полното работно време, се пресметува сразмерно со бројот на одработените часови во месецот.**

Во просечниот износ на исплатената месечна нето-плата за работник, **не се пресметува додатокот на плата за прекувремена работа.**

Министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ, во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со исплатата на платата за месец март во тековната година.

**Висината на минималната плата**, почнувајќи со исплата на платата за месец **МАРТ/2025** заклучно со исплатата на платата **за месец ФЕВРУАРИ/2026 година**), ќе изнесува:

**36.037,00 денари БРУТО износ;**
**24.379,00 денари НЕТО износ.**

## ПРЕГЛЕД на МИНИМАЛНА ПЛАТА ПО ГОДИНИ

| Година/период | Нето износ на минимална плата | Бруто износ на минимална плата | Начин на утврдување со Закон или со објава во Службен весник во кој се објавени висините | Оддели со различно ниво од висината утврдена на ниво на Републиката (нето-бруто)* |
|---|---|---|---|---|
| 2012 | **8.050** | **12.265** | Закон (Сл.Весник на РМ, 11/12) | 6.263-10.393 |
| 2013 | **8.050** | **12.268** | Објава (Сл.весник на РМ, 40/13) | 6.859-10.990 |
| 2014 | **8.800** | **13.140** | Закон (Сл.весник на РМ, 30/14) | 7.500-11.696** |
| 2015 | **9.590** | **14.114** | Закон (Сл.весник на РМ, 30/14) | 8.050-12.403 |
| 2016-VIII 2017 | **10.080** | **14.739** | Закон (Сл.весник на РМ, 30/14) | 9.000-13.540 |
| IX 2017-VI 2018 | **12.000** | **17.130** | Закон (Сл.весник на РМ, 132/17) | Изедначена висина |
| VII 2018-III 2019 | **12.165** | **17.370** | Објава (Сл.весник на РМ, 126/18) | Изедначена висина |
| IV 2019-XI 2019 | **12.507** | **17.943** | Објава (Сл.весник на РСМ, 59/19) | Изедначена висина |
| XII 2019 | **14.500** | **20.997** | Закон (Сл.весник на РСМ, .239/19) | Изедначена висина |
| I 2020-III 2020 | **14.500** | **21.107** | Закон (Сл.весник на РСМ, 239/19) | Изедначена висина |
| IV, V, VI 2020 | **14.500** | **21.107** | Уредба со законска сила (Сл.весник на РСМ, 88/20) | Изедначена висина |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| VII 2020-III 2021 | **14.934** | **21.776** | Објава (Сл.весник на РСМ,75/20) | Изедначена висина |
| IV 2021-III 2022 | **15.194** | **22.146** | Објава (Сл.весник на РСМ, 80/21) | / |
| III 2022-II 2023 | **18.000** | **26.422** | Закон (Сл.весник на РСМ, 41/22) | / |
| III 2023-II 2024 | **20.175** | **29.739** | Објава (Сл.весник на РСМ, 58/23) | / |
| III-2024-II 2025 | **22.567** | **33.352** | Објава (Сл.весник на РСМ, 68/24) | / |
| III-2025-II 2026 | **24.379** | **36.037** | Објава (Сл.весник на РСМ, 67/25) | / |

**НАПОМЕНА:** Согласно Законот за минимална плата во Република Македонија ("Службен весник на РМ" 11/2012) во одделот производство на текстил, производство на обувки и прои-зводство на кожа и слични производи од кожа, висината на минималната плата се утврдуваше со коефициенти утврдени во Законот и тоа за 2012 година **0,778** за 2013 година **0,852.**
** За 2014, 2015, 2016 заклучно со август 2017 година, висината е утврдена со Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата ( „Сл. весник на РМ" 30/2014).

## *2. ПРЕСМЕТКА НА МИНИМАЛНА ПЛАТА*

### *2.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО БРУТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **36.037,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 432,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 180,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **10.090,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 - 6) | 25.947,00 |
| 8. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7-8) | 15.677,00 |
| **10. Данок на доход (9 x 10%)** | **1.568,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1-6-10)** | **24.379,00** |

## *2.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **24.379,00** |
| 2. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 14.109,00 |
| **4. Данок на доход со (3 x 11,1111%)** | **1.568,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **25.947,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (25.947 x 1,3889)** | **36.037,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 432,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 180,00 |
| **11. Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **10.090,00** |
| 12. Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 25.947,00 |
| 13. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 14. Основица за данок на доход (12-13) | 15.677,00 |
| **15. Данок на доход (14 x 10%)** | **1.568,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6-11-15)** | **24.379,00** |

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 36.037,00 | |
| 2400 – Обврска за нето плати | | 36.037,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |
| | | |
| 2400 – Обврски за нето плати | 36.037,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 24.379,00 |
| 2340 – Данок на доход | | 1.568,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 10.090,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси),*** | | |
| | | |
| 2430 – Обврски за нето плата | 24.379,00 | |
| 2340 – Данок на доход | 1.568,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 10.090,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 36.090,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

**Поле 3.0. до Поле 3.4. се внесуваат општи податоци на осигуреникот;**

| | |
|---|---|
| Поле 3.5 – Стаж во денови | **31** |
| Поле 3.6 – Ефективна работа - часови МАРТ | **168** |
| Поле 3.7 – Износ на ефективна работа | **24.379** |
| Поле 3.8 – Часови на боледување | **/** |
| Поле 3.14 – Бруто плата вкупен износ | **36.037** |
| Поле 3.15 – Придонес за ПИО | **6.775** |
| Поле 3.16 – Доплата за придонес за ПИО | **/** |
| Поле 3.40 – Придонес за здравство | **2.703** |
| Поле 3.41 – Доплата на прид.за здравство. | **/** |
| Поле 3.42 – Придонес за допол.здрав.осиг. | **180** |
| Поле 3.43 – Доплата на прид. за допол. здравство | **0** |
| Поле 3.44 – Придонес за вработување | **432** |
| Поле 3.45 – Доплата на придонес за вработување | **0** |
| Поле 3.46 – Данок на доход | **1.568** |
| Поле 3.17 – Шифра за вид на стаж на осигурување | **0050** |
| Поле 3.30 – Број на пријава/одјава од задолжително социјално осигурување | |
| Поле 3.13 – Нето плата | **24.379** |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата | **24.379** |

### *2.4. Пресметка на разлика на минимална плата*

| Р.бр. | | 2025 | 2024 | Разлика |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | **БРУТО ПЛАТА** | **36.037** | **33.352** | **2.682** |
| 2 | ПИО (1 x 18,8%) | 6.775 | 6.270 | 505 |
| 3 | Здравство (1 x 7,5%) | 2.703 | 2.501 | 202 |
| 4. | Вработување (1 x 1,2%) | 432 | 400 | 32 |
| 5. | Доплонително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 180 | 167 | 13 |
| **6.** | **ВКУПНО ПРИДОНЕСИ (2 + 3 + 4+ 5)** | **10.090** | **9.338** | **752** |
| 7. | Бруто плата намалена за придонеси | 25.947 | 24.014 | 1.933 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | Даночно намалување за 2025/2024 | 10.270 | 9540 | 730 |
| 9. | Основица за данок на доход (7 – 8) | 15.677 | 14.474 | 1.203 |
| 10. | Данок на доход (9 x 10%) | 1.568 | 1.447 | 121 |
| **11.** | **НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **24.379** | **22.567** | **1.812** |

### *3. ДАЛИ СИТЕ ВРАБОТЕНИ ЌЕ ДОБИЈАТ ПОКАЧУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ*

Согласно одредбите од Законот за платите и Одлуката за зголемувањето на нето/бруто минимална плата, зголемувањето се однесува за усогласувањето со законскиот минимум на плата по вработен.

Задолжително зголемување на платите се врши кај плати на вработени кои не се во износ од 24.379,00 МКД нето или 36.037,00 МКД бруто плата.

Наведениот износ е задолжителен во минимален износ, а горна граница за исплата на плата, не е пропишана.

За сите останати вработени не постои законска обврска за зголемување на нето или бруто платата, за износот на зголемувањето споредено со претходната вредност на минималната плата.

Работодавачот постапува согласно можностите и капацитетот на правниот субјект во поглед на линеарно зголемување и за останатите вработени.

САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ

дипл.економист: Јулија Минковска

## ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА И МЕСЕЧНИ АКОНТАЦИИ КАЈ САМОСТОЈНИ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ

***Пресметка на плата и месечни даночни аконтации кај самостојните вршители на дејност се врши согласно Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РСМ" 241/18; 275/19; 290/20; 85/21, 274/22), Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РСМ" 142/08.....251/22, 3/25), Законот за работни односи ("Службен весник на РСМ" 62/05 ... 267/20; 151/21; 288/21, 111/23, 39/2, 74/25) и други подзаконски акти.***

### *ВОВЕД*

Самовработено лице е физичко лице кое врши самостојна економска дејност или професионална и друга интелектуална услуга, од која остварува доход.

***Под доход од самостојна дејност***, се смета доходот остварен од:

- **Стопанска дејност** во кој се подразбира доход од ***(производна, услужна, трговска, угостителска, превозничка и друга слична дејноост).***
- **Професионални и други интелектуални услуги** во кој се подразбира доход од (***здравствена, стоматолошка, ветеринарна, адвокатска, нотарска, консултантска, сметководствена, ревизорска, проценителска, инженерска, архитектонска, новинарска, спортска, културна и друга интелектуална дејност).***

- **Доход од земјоделска дејност** кој се подразбира доходот од (***производство, доработка, преработка и пласман на сопствени земјоделски производи, како и одгледување на добиток и други стопанско-корисни животни и пласман на нивните производи) и***
- ***Доход од други дејности, чија трајна цел е остварување на доход.***

## *1. ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ КАЈ ВРШИТЕЛИТЕ ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ*

### *1.1. Обврзник за пресметка на придонеси и данок на доход од самостојна дејност*

Согласно член 20 од Законот за Данок на личен доход, ***(во продолжение ЗДЛД),*** **обврзник** на данокот на доход од самостојна дејност е:

- ***Трговец поединец;***
- ***Физичко лице кое врши земјоделска дејност;***
- ***Лице кое врши занаетчиска дејност и***
- ***Лице кое врши услуги, кое остварува доход од вршење самостојна дејност.***

### *1.2. Обврзници за пресметка, плаќање и уплата на придонеси од плата кај самостојните вршители на дејност*

Согласно Законот за работни односи ***(во продолжение ЗРО***, **самовработеното лице не остварува плата** и не може да има статус како и останатите вработени кај него и **затоа во Даночниот биланс издатоците за неговите примања, не претставуваат даночно признат расход.**

Доколку со МПИН пријавата, покрај за неговите вработени се исплаќа плата и за самостојниот вршител на дејност, **истата е даночно непризнат расход**.

#### *1.2.1. Обврзници за плаќање на придонеси*

Согласно член 7 став 1 точка 5, член 10 став 1 точка 3 и член 12 став 1 точка 1 од Законот за придонеси од социјално осигурување, ***(во продолжение Закон за придонеси) ОБВРЗНИК ЗА ПЛАЌАЊЕ*** на придонес за:

- **Задолжително Пензиско осигурување ;**
- **Задолжително здравствено осигурување и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување, во случај на повреда на работа и професионално заболување е:**
  ***САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ.***

> **НАПОМЕНА: Самовработеното лице – Сопственикот (*физичко лице кое врши самостојна Економска или професионална и друга Интелектуална дејност*), *не е обврзано за себе да пресметува и плаќа* ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ.**

Самостојниот вршител на дејност, ***за своите вработени лица, има обврска да плаќа придонес за:***

- **Задолжително ПИО;**
- **Задолжително здравствено осигурување;**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;**
- **Придонес за вработување и**
- **Данок на личен доход.**

### *1.2.2. Обврзници за пресметка и уплата на придонеси*

Согласно член 13 став 1 точка 2 од Законот за придонеси, ***САМОВРАБОТЕНОТО ЛИЦЕ само за себе е ОБВРЗНИК ЗА ПРЕСМЕТКА И УПЛАТА НА*** придонес за:

- **Задолжително ПИО;**
- **Задолжително здравствено осигурување и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување.**

### *1.3. Основица за пресметка на придонеси и данок на доход од самостојна дејност*

Согласно член 14 став 1 точка 4 од Законот за придонеси, ***Основица*** за пресметка и плаќање на придонеси за пензиско и инвалидско осигурување и здравствено осигурување, претставува ***МЕСЕЧНАТА АКОНТАЦИЈА на НЕТО ПРИХОДОТ, односно на паушално утврдениот Нето приход на кој се плаќа данокот.***

### *1.3.1. Основица за пресметка и плаќање на придонеси во ПРВАТА година на отпочнување на вршење на дејност*

Согласно член 14 став 1 точка 14 алинеа 7 од Законот за придонеси од социјално осигурување, **ОСНОВИЦА** за пресметка и плаќање на придонесите **за самостојните вршители** на економска дејност, како и вршителите на професионална и друга интелектуална дејност **до истекот на првата календарска година** во која започнале со вршење на дејност, **претставува 50% од просечно исплатената месечна плата** по работник во РС Македонија, **објавена во Јануари во тековната година**, која изнесува:

***31.577,00 денари (63.154,00 x 50%)***

**Наведената основица се применува од причина што вршителите на дејност од економска и друга интелектуална и професионална дејност, во првата година на отпочнување на дејноста, немаат податоци за остварениот месечен нето приход,**

**До истекот на првата календарска година, во која започнале со вршење на дејност, придонесите ќе ги плаќаат на основица од 50%** од просечно исплатената месечна плата по работник во РСМ, објавена во Јануари/2025 година, која изнесува:

***31.577,00 денари*.**

Доколку вршителите на самостојна дејност*, **започнале да ја вршат дејноста во 2025 година,*** придонесите за ПИО и здравство, (**до 31.12.2025 година**) ги плаќаат на следните основици:

- ***Самовработени лица–вршител на економска дејност** (занаетчии, таксисти и други)* **31.577,00**
- ***Самовработени лица–вршител на професионална и друга интелектуална дејноист** (адвокати, нотари, извршители и други)* **31.577,00**

**ПРИМЕР:** Самостоен вршител на дејност – **НОТАР,** отпочнал со вршење на дејност во **МАРТ/2025 година**.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Месечна основа за пресметка на придонеси за 2025 година** | **31.577,00** |
| 2. Придонес за ПИО (31.577 x 18,8%) | 5.936,00 |
| 3. Придонес за здравство (31.577 x 7,5) | 2.368,00 |
| 4. Дополнително здравство (31.577 x 0,5) | 158,00 |
| **5. Вкупно придонеси:** | **8.462,00** |

***1.3.2. Основица за пресметка и плаќање на придонеси за вршители на дејност кои почнале со дејност претходни години***

**1.3.2.1. Најниска основица за прсметка и уплата на Придонеси за *самовработено лице кое врши ЕКОНОМСКА ДЕЈНОСТ***
*(таксисти, занаетчии и други)*

Согласно член 15 став 1 од Законот за придонеси, ***НАЈНИСКА*** основица за пресметка на придонесите за самовработеното лице, кое што се занимава со **економска дејност** ***(занаетчии, земјоделци, угостители и други)***, **не може да биде пониска од 50%** од просечна плата по работник во РС Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завот за статистика, која за 2025 година изнесува:

***31.577,00 денари (63.154,00 x 50%)***.

Доколку тој износ ***е помал*** од најниската основица за пресметување на придонесите, ***пресметката ќе се врши на износ од:***

- **31.577,00 денари,** за самовработеното лице кое што се занимава со економска дејност ***(занаетчии, земјоделци, угостители и други).***

***ПРИМЕР:*** Самостоен вршител на дејност – ***занаетчија,*** врз основа на Годишниот даночен биланс (***Образец ДЛД – ДБ)*** за 2024 на ***(АОП – 28), Основата за пресметка на придонесите*** на годишно ниво му изнесува ***350.000,00*** денари.

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 од (ДЛД-ДБ)*** | 350.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. Месечна основа за придонеси (1:12 ) | 29.167,00 |
| **4. Најниска месечна основа за придонеси** | **31.577,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **31.577,00** |
| 6. Придонес за ПИО (31.577 x 18,8%) | 5.936,00 |
| 7. Придонес за здравство (31.577 x 7,5%) | 2.368,00 |
| 8. Дополнително здравство (31.577 x 0,5%) | 158,00 |
| **9. Вкупно придонеси (6 + 7 + 8)** | **8.462,00** |
| 10. Намалување на плата за придонеси (5 - 9) | 23.115,00 |
| **11. Даночно намалување за 2025** | **10.270,00** |
| 12. Основа за данок (10 -11) | 12.845,00 |
| **13. Данок на доход (12 x 10%)** | **1.284,00** |
| **14. Нето плата (5 – 9 - 13)** | **21,831,00** |

***НАПОМЕНА:*** **Бидејки месечната нето основица во висина од 29.167,00 е ПОНИСКА од најниската со закон загарантирана основица за пресметка на придонесите за 2025 година, во висина од 31,577,00 денари, овој занаетчија ќе пресметува придонеси во висина од 31.577,00 денари, а доколку основицата е повисока од 31.577,00 денари, придонесите ке се пресметуваат во висина на Месечна основица утврдена од АОП – 28 од (Образец ДЛД-ДБ), поделен со бројот на месеците во годината).**

***1.3.2.2 ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на економска дејност (таксисити, занаетчии и дру-ги),***

Во Образецот **МПИН** за самовработеното лице, кое се занимава со економска дејност, се внесуваат следните податоци:

| | |
|---|---|
| **Поле 1.3 – Вид на обврска** | **101** |
| **Поле 1.4 – Вид на обврзник за пресметка и уплата на придонеси**<br>**(Шифра 112 - С*амовработено лице кое врши самостојна економска дејност.)*** | **112** |
| **Поле 3.5** – Стаж во денови | **31** |

| | |
|---|---|
| **Поле 3.6** – Ефективна работа - часови | **168** |
| **Поле 3.7** - Износ на ефективна работа | **21.831** |
| **Поле 3.14** – Основица за пресметување на придонес Бруто плата вкупен износ | **31.577** |
| **Поле 3.15** – Придонес за ПИО | **5.936** |
| **Поле 3.40** – Придонес за здравство | **2.368** |
| **Поле 3.42** – Придонес за допол.здрав.осиг. | **158** |
| **Поле 3.44** – Придонес за вработување | **/** |
| **Поле 3.45** – Доплата на придонес до најноска основица од плата | **/** |
| **Поле 3.46** – Данок на доход | **/** |
| **Поле 3.17** – Шифра за вид на стаж на осигурување **(Шифрата 050 – време поминато во работен однос со полно работно време)** и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и Данок на личен доход. | **0050** |
| **Поле 3.17б** – Шифра за ослободување од плаќање на придонеси и данок (**Вработување и ДЛД)** **Шифра** 001-**Обврзник** ***Самовработено лице кое не е Обврзник за плаќање на придонес за вработување и ДЛД го плаќа согласно ГОДИШНИОТ ДАНОЧЕН БИЛАНС (Образец ДЛД-ДБ).)*** | **001** |
| **Поле 3.13** – Нето плата | **21.831** |
| **Поле 3.31** – Ефективна нето плата | ***0*** |

За вработените лица кај вршителот на економска дејност, работодавачот **пресметува и плаќа**:

- ✓ ***Придонес за пензиско и инвалидско осигурување;***
- ✓ ***Придонес за здравствено осигурување;***
- ✓ ***Придонес за дополнително здравствствено осигурување;***
- ✓ ***Придонес за вработување и***
- ✓ ***Данок на доход.***

**1.3.2.3. Најниска основица за прсметка на Придонеси за *самовработено лице кое врши ПРОФЕСИОНАЛНА И ДРУГА ИНТЕЛЕКТУАЛНА УСЛУГА (нотари, адвокати извршители и други)***

Согласно член 15 став 2 од Законот за придонеси, ***НАЈНИСКА*** основица за пресметка на придонесите за самовработеното лице, кое врши професионална и друга интелектуална услуга ***(адвокати, нотари, извршители и други)***, ***основица за пресметување и плаќање на придонесите,*** односно основицата за осигурување за тековната година **не може да биде пониска** од **просечната плата по работник во РС Македонија, објавена во месец јануари во тековната година, која за 2025 година изнесува:**

***63.154, 00 денари***

Доколку тој износ ***е помал*** од најниската основица за пресметување на придонесите, ***пресметката ќе се врши на износ од:***

- **63.154,00 денари** за самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална услуга ***(адвокати, нотари, извршители и други)***.

**ПРИМЕР: Самостоен вршител на дејност "НОТАР",** врз основа на Годишниот Даночниот биланс *на **АОП 28 (Образец ДЛД – ДБ)*** за 2024 година, има утврдено ***Нето-приход*** во висина од **1.250.000,00** денари на годишно ниво или месечно во висина од **104.167,00** денари ***(1.250.000 : 12 = 104.167,00).***

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) ***АОП – 28 (од ДЛД –ДБ)*** | 1.250.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. Месечна основа за придонеси | 104.167,00 |
| **4. Најниска основа за придонеси** | **63.154,00** |
| **5. Основа за пресметка на придонеси** | **104.167,00** |
| 6. Придонес за ПИО (104.167 x 18,8%) | 19.583,00 |
| 7. Придонес за здравство (104.167 x 7,5%) | 7.813,00 |
| 8. Дополнително здравство (104.167 x 0,5%) | 521,00 |
| **9. Вкупно придонеси** | **27.917,00** |

| | |
|---|---|
| 10. Намалување на плата за придонеси (5 - 9) | 76.250,00 |
| **11. Даночно намалување за 2025** | **10.270,00** |
| 12. Основа за данок (10 -11) | 65.980,00 |
| **13. Данок на доход (12 x 10%)** | **6.598,00** |
| **14. Нето плата (5 – 9 - 13)** | **69,652,00** |

***НАПОМЕНА:*** **Самостојниот вршител на дејност НОТАР е должен да плати придонеси врз основа на Месечна аконтација на нето приходот на кој се плаќа данокот на личен доход во износ од 104.167,00 денари, бидејќи овој износ е ПОГОЛЕМ од најниската основица во висина од 63.154,00 денари.**

***1.3.2.4 ПОПОЛНУВАЊЕ на Образец МПИН – кај вршители на интелектуална дејност (нотари, адвокати извршители и други)***

Во Образецот **МПИН** за самовработеното лице, кое се занимава со економска дејност, се внесуваат следните податоци:

| | |
|---|---|
| **Поле 1.3 – Вид на обврска** | **101** |
| **Поле 1.4 – Вид на обврзник за пресметка и уплата на придонеси**<br>**(Шифра 111 - *Самовработено лице кое врши професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители, сметководители, проценители и др.)*** | **111** |
| **Поле 3.5** – Стаж во денови | **31** |
| **Поле 3.6** – Ефективна работа - часови | **168** |
| **Поле 3.7** - Износ на ефективна работа | **69.652** |
| **Поле 3.14** – Основица за пресметување на придонес Бруто плата вкупен износ | **104.167** |
| **Поле 3.15** – Придонес за ПИО | **19.583** |
| **Поле 3.40** – Придонес за здравство | **7.813** |
| **Поле 3.42** – Придонес за допол.здрав.осигурување | **521** |
| **Поле 3.44** – Придонес за вработување | **/** |
| **Поле 3.46** – Данок на доход | **/** |
| **Поле 3.17** – Шифра за вид на стаж на осигурување | **001** |

| | |
|---|---|
| **(Шифрата 060 – време поминато во работен однос со полно работно време)** и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и Данок на личен доход. | |
| **Поле 3.17б** – Шифра за ослободување од плаќање на придонеси и данок<br>**(Шифра** 001**-Обврзник** ***Самовработено лице кое не е Обврзник за плаќање на придонес за вработување и ДЛД го плаќа согласно ГОДИШНИОТ ДАНОЧЕН БИЛАНС (Образец ДЛД-ДБ).)*** | **001** |
| **Поле 3.13** – Нето плата | **65.652** |
| **Поле 3.31** – Ефективна нето плата | **0** |

**НАПОМЕНА: За самовработеното лице**, кое се занимава со ***Интелектуална дејност*** и започнува со вршење на дејноста во тековната година***, во полето 3.17б – Шифра за ослободување од плаќање придонеси и данок се внесува: Шифра 060 - Самовраб***т***ено лице (Интелектуална дејност), кое дејноста ја започнува во тековната година.***

### *1.2.3.5. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА за пресметка и уплата на придонеси*

Согласно член 16 став (3) од Законот**, НАЈВИСОКА месечна основица** за пресметување и уплата на придонесите за самовработените лица (вршители на економска дејност и вршители на професионални и интелектуални услуги (нотари, адвокати и др.), е износот од ***Дванаесет (12) просечни плати.***

При пресметка на највисоката ***Месечна основица*** за тековната година се зема предвид просечната плата по работник во Република Македонија, објавена во јануари во тековната година, која за 2025 изнесува:

***757.848,00 денари (12 х 63.154,00)***

**НАПОМЕНА: Доколку месечната аконтација на нето приходот, односно на паушално утврдениот нето приход на кој се плаќа данок е повисок од највисоката основица (757.848,00 денари), тогаш придонеси ќе се плаќаат до наведениот износ**.

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.**

**ПРИМЕР:** Адвокатот "НН", врз основа на Годишниот даночен биланс (***Образец ДЛД – ДБ***) **за 2024 година**, има утврдено нето приход во висина од **9.500.000,00** денари на годишно ниво или месечно во висина од **791.667,00 денари.**

***Пресметката е следната:***

| | |
|---|---|
| 1. Нето приход (годишен) АОП – 28 (**ДЛД - ДБ**) | 9.500.000,00 |
| 2. Месеци | 12 |
| 3. **Месечна основа за придонеси (9.500.000 : 12)** | **791.667,00** |
| **4. Највисока месечна основа за придонеси (63.154 x 12)** | **757.848,00** |
| 5. Придонес за ПИО (757.848 x 18,8%) | 142.475,00 |
| 6. Придонес за здравство (757.848,00 x 7,5%) | 56.839,00 |
| 7. Дополнително здравство (757.848,00 x 0,5%) | 3.789,00 |
| **8. Вкупно придонеси** до највисока основица | 203**.103,00** |
| 9. Намалување на плата за придонеси (4 - 8) | 554.745,00 |
| **10. Даночно намалување за 2025** | **10.270,00** |
| 11. Основа за данок (9 -10) | 544.475,00 |
| **12. Данок на доход (11 x 10%)** | **54.448,00** |
| **13. Нето плата (4 – 8 - 12)** | **500.297,00** |

### *1.3. Минимална плата кај самостојните вршители на дејност*

Согласно Законот за Минимална плата ("Службен весник на РСМ" 11/12...41/22), одредбите на Законот за Минимална плата **НЕ СЕ ОДНЕСУВААТ на самовработените лица, туку само на вработените кај самовработеното лице.**

Согласно Објавата за Минимална плата. Минималната плата за период **Март/2025 - Февруари 2026 година**, за вработените кај самостојниот вршител на дејност изнесува:

**24.379,00** денари **НЕТО износ**, односно
**36.037,00 денари БРУТО износ.**

**За овие вработени во поле *3.17б, се внесува:***

- ***Шифра 050*** – **Вработено лице кој самостојно врши дејност** и за истите се пресметуваат придонесите од задолжително социјално осигурување и Данок на личен доход.

| |
|---|
| ***НАПОМЕНА: Одредбите на законот за Минимална плата не се однесува на самите вршители на самостојна дејност*** |

***1.4. Паушално утврден нето приход како основица***

Согласно член 14 од Законот за придонеси, Основица за пресметка на придонеси, ***кај самовработените лица – паушалисти претставува месечната аконтација на паушалниот нето приход.***

Согласно член 29 од Законот за ДЛД, нето приходот во паушален износ ***се утврдува само за обврзник кој поради определени околности не е во состојба да ги води деловните книги, или на кого нивното водење значително му го отежнува вршењето на дејноста.***

Правото на паушално оданочување ***се остварува врз основа на поднесено барање до УЈП*** и истото неможе да се оствари за обврзник кој врши трговска, угостителска и комисиона дејност (***освен обврзникот кој врши трговска дејност исклучиво преку продажни места на организирани зелени пазари),*** доколку вработува други лица, доколку во неговата дејност вложуваат и други лица и доколку нето доходот во годината која и претходи на годината за која, се врши утврдување на данокот ***е повисок од две годишни просечни бруто плати.***

**ПРИМЕР:** Занаетчија кондураџија "**МС**" има добиено решение за паушално оданочување со данок на доход од УЈП. Паушално Утврден нето приход од УЈП***, изнесува 800.000 денари.***

| |
|---|
| **800.000 / 12 = 66.667 (Основица за придонеси)** |

| | |
|---|---|
| **1. Бруто основица** | **66.667,00** |
| 2. Придонес за ПИО (1 x 18,8%) | 12.533,00 |
| 3. Придонес за здравство (1 x 7,5%) | 5.000,00 |
| 4. Дополнително здравство (1 x 0,5%) | 333,00 |
| **5. Вкупно придонеси** до највисока основица | 17.866,00 |

## *2. ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА МЕСЕЧНИ АКОНТАЦИИ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД КАЈ САМОСТОЈНИТЕ ВРШИТЕЛИ НА ДЕЈНОСТ*

### *2.1. Пресметување и плаќање на месечни аконтации на данок на доход за приходите од вршење на самостојна дејност*

Согласно член 90 од Законот за ДЛД, **Обврзниците** на данок на доход од вршење на самостојна дејност, кои се оданочуваат според вистински доход, **Месечната аконтација на данокот на доход ја пресметуваат** врз основа на податоците од Годишниот даночен биланс на (***Образецот "ДЛД - ДБ"), за претходната година.***

Според тоа вршителите на самостојна дејност **МЕСЕЧНИТЕ АКОНТАЦИИ ЗА ДАНОК НА ДОХОД** во 2025 година, ќе ги плаќаат **во висина од** *1/12 (една дванаестина)*, од износот на Пресметаниот данок искажан **на:**

| |
|---|
| **Р.бр. VII – (АОП 31) од Годишниот даночен биланс од (Образец ДЛД - ДБ), за 2024 година.** |

Со поднесувањето на **ОБРАЗЕЦОТ "ДЛД-ДБ,"** од страна на Управата за Јавни Приходи, **автоматски се креираат пресметките за конечна даночна обврска по Даночниот биланс 2024 година и Аконтативните пресметки за плаќање на Месечните аконтации во 2025 година.**

Пресметките може да се прегледат во менито **"АКОНТАТИВНА ПРЕСМЕТКА"** и да се испечати рекапитулација*.*

Реализацијата на налозите за плаќање на аконтациите во 2025 година, треба да се изврши преку ***ОБРАЗЕЦОТ*** **"ПП-53" (Налог од рекапитулација).**

*Налозите за плаќање на Аконтациите на данокот на доход за месеците **МАРТ/2025 година, до ДЕКЕМВРИ/2025 година** и **ЈАНУАРИ/2026 година**, се креираат од УЈП во системот е-ПДД со поднесувањето на **ОБРАЗЕЦОТ "ДЛД - ДБ" ЗА 2024 година**, како **1/12 од АОП - 31 Пресметан данок.***

**НАПОМЕНА: При плаќање на аконтацијата не се доставува посебен ОБРАЗЕЦ до УЈП. Пресметаниот износ на месечната аконтација не се зголемува за процентот на Кумулативниот пораст на цените на мало (МДБ), кој се користи при пресметување на месечната аконтација на данокот на добивка.**

### *2.2.1. Можност за промена на Месечната аконтација која ја плаќа трговецот поединец и Самостојниот вршител на дејност*

Согласно член 91 од Законот за ДЛД, доколку условите под кои е утврдена Аконтација на данокот на доход значајно се изменат, обврзникот **може да бара промена на Аконтацијата, односно УЈП може во согласност со новите околности да утврди нова аконтација.**

### *2.2.2. Плаќање на Годишен данок на доход и Месечни аконтации*

Согласно член 100 од Законот за ДЛД, обврзникот на данокот на доход за доходот остварен од самостојна дејност **е должен РАЗЛИКАТА** меѓу **уплатената аконтација**, и **пресметаниот данок** на доход **да ја уплати *во рок од 15 дена***, од денот на истекот на рокот ***за предавање на Годишниот даночен биланс за 2024 година***, односно ***до 30.03.2025 година***.

Доколку обврзникот по годишен даночен биланс **платил поголем износ на данок, од износот што бил должен да го плати**, ***може од УЈП да бара враќање на повеќе платениот данок или да го користи за пребивање со месечните аконтации за следниот период***.

**НАПОМЕНА: Месечните аконтации** на данок на доход се плаќаат ***до 15-ти во тековниот за претходниот месец,*** ***за 2025 година, додека*** **аконтацијата на данок на доход за ЈАНУАРИ и ФЕВРУАРИ/2026 година, ќе се плаќаат во висина на платената аконтација за Декември 2025 година.**

**ПРИМЕР 1**: Самостоен вршител на дејност – Адвокатско биро “НН” во **ОБРАЗЕЦОТ “ДЛД - ДБ” за 2024 година на (АОП – 31)** утврдил обврска за годишен данок во износ од 350.000 денари. Месечната аконтација за **период од Март 2025 до Декември 2025** година ќе изнесува:

**350.000 : 12 = 29.166 денари.**

Налозите за плаќање на аконтациите на данокот на доход **за месеците Март до Декември/2025 година**, се креираат од УЈП во системот **е-ПДД со поднесувањето на Образецот ДЛД-ДБ за 2024 година.**

За секоја платена аконтација кај трговците поединци и самостојните вршители на дејност, се спроведува следното:

***Книжење:***

| | | |
|---|---|---|
| 810 – Аконтација на персонален данок на доход | 29.166 | |
| 100 – Трансакциска сметка | | 29.166 |

***(платена месечна аконтација за м. III/2024).***

### *2.2.3. Утврдување на месечни аконтации за самостојни вршители кои започнале со вршење дејност во ПРВАТА година*

Согласно член 94 став 2 од Законот за ДЛД, самостојните вршители на дејност кои започнуваат да вршат дејност **во тековната година,** месечните аконтации на данок на доход за првата година **ги плаќаат на основица од 50%** од ***просечна нето плата по работник во РСМ објавена во јануари во тековната година,*** според Државниот завод за статистика.

Согласно оваа одредба самостојните вршители на дејност и трговци поединци, кои ќе започнат да вршат дејност во 2025 година, ***имаат обврска секој 15-ти во месецот*** за претходниот месец во 2025 година и за месец јануари 2026 година, да плаќаат Месечни аконтации **на основа од 50%** од просечна нето плата по работник во РСМ, објавена во Ј**ануари во тековната година,** која според Соопштението на ДЗС бр. 4.1.25.07 од 21.01.2025 година изнесува:

**41.999,00 денари**.

Согласно оваа законска одредба ***самостојните вршители на дејност, трговци поединци,*** кои дејноста почнуваат да ја вршат во 2025 година, ***аконтацијата на данокот на доход до крајот на годината***, ќе ја пресметуваат и плаќаат на основица која изнесува:

**20.999,00 денари (41.999 x 50%)**

***ПРИМЕР 2*: Самостоен вршител на дејност – Овластен сметководител во месец Јануари 2025 е регистриран за вршење на сметководствени услуги.**

Основа за пресметка на месечна аконтација на данок на доход за месец Јануари 2025 година изнесува**: 20.999,00 денари.**

Месечната аконтација за данок на доход за месец јануари изнесува **:**

**2.099,00 денари. (20.999 x 10% )**.

**НАПОМЕНА: За месеците Јануари - Декември 2025 и месец Јануари 2026 година, ќе се плаќа месечна аконтација во износ од 2.099,00 денари.**

### *2.2.4. Обврзници кои не се должни да плаќаат месечни аконтации*

Самостојните вршители на дејност кои во ***(Образецот ДЛД - ДБ), за 2024 година на АОП – 31*** **не искажале обврска** за данок на доход, ***НЕ СЕ ДОЛЖНИ да плаќаат Месечни аконтации за данок на доход ВО ТЕКОТ НА 2025 ГОДИНА.***

Вршителите на дејност кои платиле **поголеми аконтации** од обврската за пресметаниот данок на доход, ***може во 2025 година да не плаќаат Месечни аконтации,*** односно месечната обврска ***да ја пребијат со вишокот платен данок од 2024 година***.

Обврска за плаќање на данок на доход од ***АОП 31 од Образецот "ДЛД - ДБ" за 2024 година*** **НЕМААТ** и вршители на дејност **кои се ослободени од плаќање данок на доход** по други закони како што е Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност и имаат **добиено ПОТВРДА од Агенцијата за вработување за ослободување од плаќање на данок на доход во наредните три години.**

Месечните аконтации ***НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ,*** се уплаќаат на истите сметки на кои се плаќа обврската ***за Годишниот данок на доход***.

**Данок на доход на приходи од самостојна дејност:**

| Р.бр. | с-ка | Назив на уплатна сметка | Врска со приходно конто |
|---|---|---|---|
| 1. | 840-01471 | Данок на доход на приходи од самостојна дејност, освен од занаетчиска дејност | / |
| 2. | 840-01515 | Данок на доход на приходи од занаетчиска дејност според паушално утврдениот нето приход | 711139 |
| 3. | 840-01536 | Данок на доход на физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност | 711133 |
| 4. | 840-01578 | Данок на доход на приходи од самостојна дејност според паушално утврдениот нето приход за даночните обврзници кои не се корисници на продажни места на зелените пазари | / |

При плаќањето на јавни приходи на уплатните сметки **840-01471 и 840-01578,** приходното конто се пополнува зависно од видот на данокот на доход на приходи од самостојна дејност што се плаќа, кое приходно конто произлегува од Правилникот за класификација на приходите објавен во (“Службен весник на РМ’ 188/2018; 46/2021, 71/25).

| Р.бр. | с-ка | Назив на уплатна сметка | Врска со приходно конто |
|---|---|---|---|
| 1. | 840-01471 | Данок на приходи од **САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ**, освен од занаетчиска, адвокатска нотарска и дејност на извршители; | 711118 |
| 2. | 840-01471 | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност на **АДВОКАТИ** | 711144 |
| 3. | 840-01471 | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност на **НОТАРИ** | 711145 |
| 4. | 840-01471 | Данок на доход на приходи од вршење на самостојна дејност на **ИЗВРШИТЕЛИ** | 711146 |
| 5. | 840-01578 | Данок на доход од приходи од самостојна дејност според паушално утврден нето приход за даночни обврзници кои не се корисници на продажни места на зелени пазари. | 711135 |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*дипл.економист: Марика Лекоска*

## *ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ПРАКТИКАНСТВО ВО 2025 ГОДИНА*

***Правото за извршување на практикантска работа, исплатата на месечен надомест како и пресметка на придонес на инвалидност и телесно оштетување и дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување е регулирано согласно Законот за практикантство ("Службен весник на РМ" 98/19, 103/21) Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18...274/22), Законот за придонеси од социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08... 247/18251/22) и други законски акти.***

### *ВОВЕД*

Со Закон за практиканство, се овозможува непречено стекнување на практично искуство на невработените лица, зголемување на нивните вештини и полесно вклучување на пазарот на трудот и создавање на можности и услови на работодавачот за вработување на лица со практично искуство, кои имаат одредени вештини и знаења за одредени работи и работни задачи.

## *1. ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

**Практикантство** е работна активност, којашто вклучува компонента на работа, преку учење и здобивање на практични работни вештини, која се реализира во ограничен временски период, со цел стекнување на практично и професионално искуство, за да се подобри вработливоста и да се помогне преодот кон редовно вработување.

**Под практикантство, не се подразбира**:

- ✓ **Вршење на приправнички стаж,**
- ✓ **Волонтерски стаж и пробна работа, согласно Законот за работните односи, како и**
- ✓ **Обука, преквалификација и доквалификација, согласно Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност.**

### *1.1. Услови за вршење на практиканска работа*

Согласно член 3 од ***Законот за Практиканство (во продолжение ЗП),*** практикантот треба да ги исполнува следните услови:

- **Да не е во работен однос;**
- **Да не е постар од 34 години и**
- **Да има завршено НАЈМАЛКУ ОСНОВНО образование.**

**Практикант** е физичко лице кое обавува работна пракса кај работодавачот, со цел да се стекне со практични знаења и вештини, што ќе му помогнат да ја подобри вработливоста на пазарот на трудот.

Практикант, може да биде секое физичко лице државјанин на Република Македонија, кое ги исполнува условите утврдени со Законот.

Практиканти може да ангажира **работодавач,** кој вработува работници врз основа на Договор за вработување и тоа:

- ➢ **Правно и физичко лице, како и**
- ➢ **Друг субјект:**
  - *Орган на државна власт,*
  - *Орган на единица на локалната самоуправа,*
  - *Подружница на странско друштво,*

- *Дипломатско и конзуларно претставништво), кој вработува работници, врз основа на договор за вработување*;

### *1.2. Обезбедувањее на потребата од практиканти*

Согласно член 4 од ЗП, потребата од практикант, работодавачот ја обезбедува:

- **По пат на ЈАВЕН ОГЛАС**, објавен на својата интеренет страница и/или на интернет страницата на Агенцијата за вработување на РМ – АВРМ;
- **Друг ЈАВЕН МЕДИУМ,** којшто содржи информации за условите за практиканската работа.

Со примената на Законот **се забранува** секоја дискриминација врз основа на: ***раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.***

**ОГЛАС**
**ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА**

**БРОЈ НА ОГЛАС**______________________
***Податоци за работодавачот***
**НАЗИВ**_________________________
Единствен матичен број на субјектот и реден број на деловната единица_________________________
***ПОДАТОЦИ ЗА ОГЛАСУВАЊЕТО***
Датум на огласување_________________________
***НАЧИН НА ОГЛАСУВАЊЕ (заокружување)***
1. На сопствена веб страна
2. На веб страната на АВРСМ
3. Дневен печат
4. Други медиуми

Рок на важност на огласот
*(број на денови)*______________________________________
Број на потребни практиканти___________________________
Времетраење на практикантската работа
(*број на месеци*) ______________________________________

### *1.3. Права и обврски на практикант и работодавач*

#### 1.3.1. Права на практикантот

Согласно член 9 од ЗП, практикантот пред започнување на практиканската работа треба да се информира за правата за време на вршењето на практикантската работа и тоа:

- **Во писмена форма** да го добие описот на целите, задачите и процесот на практикантството, пред да го склучи Договорот за практиканска работа;
- **Да биде запознаен со условите за работа** и опасностите поврзани со работата за време на практикантството, пред започнување на истото;
- **Да биде запознаен** со општите акти на работодавачот;
- **На дневен и неделен одмор** исто како вработените кај работодавачот, согласно општите прописи за работни односи;
- **На платен одмор** - во траење од **два** работни дена месечно, доколку работи со полно работно време или еден работен ден месечно, доколку работи со неполно работно време;
- **На надоместок** за практиканска работа;
- **Надоместок на трошоци за службени патувања** и други надоместоци, кои настанале за потребите на вршење на практиканската работа.

#### 1.3.2. Обврски на практикантот

Согласно член 10 од ЗП, практикантот ***за време на практикантската работа е должен да:***

- **Потпише договор за практиканска работа** со работодавачот, пред започнувањето со практикантската работа;
- **Работи во согласност со Закон, Договорот за практиканска работа** и општите акти на работодавачот со кои претходно е запознаен;

- **Учествува во обуката** и посветено да работи на доверените задачи;
- **Користи средства за заштита при работа**, согласно со прописите за безбедност и здравје при работа,
- **Го извести работодавачот за болест** или други причини за привремена или трајна спреченост за вршење на практикантската работа;
- **Ги чува доверливите податоци**, односно класифицираните информации на работодавачот, со кои е запознаен во текот на практикантската работа;
- **Го извести работодавачот за штетни последици** за кои е запознаен дека можат да настанат за него, за трети лица или за работодавачот.

Практикантот кој, за време на вршење на практикантската работа, намерно или поради крајно невнимание, го оштети имотот на работодавачот е должен да му ја надомести штетата на работодавачот, **во согласност со одредбите на Законот за облигациони односи.**

Доколку практикантот, претходно го известил работодавачот за штетни последици, **истиот нема да има одговорност за направената штета.**

**1.3.3. Обврски на работодавачот**

Согласно член 11 од Законот, ***работодавачот е должен:***

- **Да го објави јавниот оглас** за практиканска работа на својата интернет страница и/или на интернет страницата на АВРМ или друг јавен медиум;
- **Да ги утврди очекуваните цели** за ангажирање на практикантот, задачите и процесот на практикантската работа, кои треба да бидат јавно достапни на заинтересираните кандидати, во огласот за практикантска работа;
- **Да потпише договор** за практиканство со избраниот кандидат;
- **Да изврши ПРИЈАВА на практикантот,** најмалку ***еден ден, пред започнување*** на вршење на практикантската работа и **ОДЈАВА** ***во рок од осум дена по завршување*** на практикантската работа, односно по престанокот на договорот за практикантска работа, во Агенцијата за вработување на Македонија;

- **Да обезбеди одговорно лице** – Ментор за континуиран надзор на практикантот, кој ќе ја организира практикантската работа, ќе го следи напредокот на практикантот и ќе осигура остварување на целите за учење и практикантство;
- **Да обезбеди надзор над работата на практикантот** од страна на менторот и да не дозволи самостојно работење на практикантот;
- **Да обезбеди оптимални услови** за работа и материјали и средства за извршување на практикантската работа;
- **Да му издаде на практикантот ПОТВРДА за стекнатите знаења**, вештини и компетенции, како и опис на практикантската работа и нејзиното времетраење, во рок од осум работни дена од завршување на практикантската работа;
- **Редовно да му го исплаќа** надоместокот, утврден во договорот за практиканство;
- **Да плати данок на личен доход** на исплатениот износ на надоместокот;
- **Да обезбеди средства за заштита при работа**, доколку за работното место на кое се врши практиканската работа е пропишано да се користат;
- **Да обезбеди тајност на личните податоците** и заштита на приватноста на практикантот;
- **Да плати ПРИДОНЕС врз основа на инвалидност и телесно оштетување,** причинето со повреда на работа или професионална болест и **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРИДОНЕС** за задолжително здравствено осигурување, во случај на повреда на работа и професионално заболување.

Работодавачот **не може на практикантот да му:**

- **Наплаќа** трошоци за обука, трошоци за превоз, работни материјали и слични работи, поврзани со вршењето на пракантската работа.
- **Наложи на практикантот** да работи на задачи, кои не се опишани во договорот за практикантска работа.

### *1.4. Времетраење на практикантската работа*

Согласно член 6 од ЗП, минимален период на траење на практикантска работа кај еден работодвач ***е ЕДЕН месец, а Максималниот период ШЕСТ месеци.***

Едно лице **може да извршува** практикантска работа кај ист работодавач, **само еднаш**.

> ***НАПОМЕНА: Договорот за практикантство може да се склучи за полно работно време или за пократок период од полното работно време.***

### *1.5. Бројот на практиканти*

Согласно член 7 од ЗП, максималниот број на практиканти, кои можат да реализираат практикантска работа, кај еден работодавач во исто време**, се определува според бројот на вработени на неопределено време**, на денот на пријавување на практикантот кај работодавачот и тоа:

- **од 1 до 5 вработени – 1 практикант;**
- **од 6 до 10 вработени – до 2 практиканта;**
- **од 11 до 50 вработени – до 4 практиканти;**
- **од 51 до 150 вработени – до 8 практиканти;**
- **од 151 до 250 вработени – до 15 практиканти;**
- **од 251 до 500 вработени – до 30 практиканти и**
- **над 500 вработени – до 50 практиканти.**

Бројот на ангажирани практиканти од страна на еден работодавач, во кој било момент, ***не смее да го надмине максималниот број, кој е определен врз основа на бројот на вработени на неопределено време,*** кај работодавачот.

Агенцијата за вработување на Република Македонија, еднаш месечно доставува податоци до Државниот инспекторат за труд, за работодавачите кои имаат пријавено практиканти.

### *1.6. Висина на надоместок за практикантска работа*

Согласно член 8 од ЗП, практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, **има право на *МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплаќа од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок **се утврдува во НЕТО ИЗНОС за полно работно време,** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

- **од 42% до 74% од МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, *за практикантската работа ДО* ТРИ месеци; и**
- **Во висина на МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА *утврдена согласно со Закон, за практикантската работа НАД ТРИ месеци***, сметано од четвртиот месец.

Доколку практикантската работа, согласно Договорот за практикантска работа, се реализра **во период пократок од полното работно време,** надоместокот за практикантска работа ќе се пресметува **пропорционално** на времетраењето на практикантската работа, во случај на отсуство од работа по било кој основ, освен:

- ✓ **Одмор за време на работа и**
- ✓ **Празници утврдени со закон,** надоместоокот ќе се исплаќа пропорционално на времето поминато на практикантска работа, а работодавачот е должен да го исплати најдоцна ***до 15-ти во тековниот месец, за претходниот месец.***

Во случај на отсуство од работа по кој било основ **(боледувања и други оправдани отсуства)**, освен одмор за време на работа и празници утврдени со закон, **надоместокот се исплаќа пропорционално на времето поминато на пактикантската работа.**

## *1.7. Пресметка на надомест и придонеси за лицата ангажирани како практиканти*

### 1.7.1. Оданочување на надоместокот за практиканство

Согласно член 15 точка 17 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/18; 275/19; 290/20; 85/21, 274/22), надоместокот кој се исплатува на практикантот за практиканската работа, преставува доход од работа.

**Надоместокот за практикантска работа се оданочува со пресметковна стапка од 11,1111%.**

### 1.7.2. Основица за пресметка на надоместокот за практиканство

Согласно член 16 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, даночна **ОСНОВА** за пресметување на данокот на доход, претставува **износот на надоместокот за практикантска работа, НАМАЛЕН** ***за придонесот врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест*** **(4%)** и ***дополнителниот придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа*** **(0,5%).**

### 1.7.3. Обврзник за пресметка на придонеси за надоместокот на практиканти

Согласно член 8 точка 1-а и член 11 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08….247/18, 251/22), лицето на практикантска работа **е ОБВРЗНИК за плаќање на:**

- **Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% и**
- **Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5%.**

| |
|---|
| **НАПОМЕНА: Обврската за пресметка и уплата на придонеси е на работодавачот, кој ангажира практикант.** |

Согласно член 14 став 1 точка 14 алинеа 7 од Законот за придонеси, **ОСНОВИЦА** за пресметка на придонесите за практикантот ***е 50% од просечно исплатената месечна нето плата по работник*** во Републиката, објавена во јануари во тековната година. Според ДЗС, за 2025 година, изнесува:

| |
|---|
| **31.577 денари (63.154 x 50% = 31.577).** |

Стапката за пресметување на овој придонес изнесува **4% од основицата**. Според тоа придонесот за инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда, изнесува:

| |
|---|
| **31.577 x 4% = 1.263,00 денари.** |

Дополнителен придонес за задолжително здравстено осигурување во висина **од 0,5% износува:**

| **31.577 x 0,5% = 158,00 денари.** |
|---|

Придонесот се плаќа со полнување на образецот МПИН, при што обврзникот за пресметка и уплата на придонесот **е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец, на следната уплатна сметка:**

| ***843–(општина) 149 приходна 712113; подпрограма 00.*** |
|---|

Рокот за уплата на придонесот е денот на исплата на надоместокот, а доколку надоместокот не е исплатен, рокот на доспеаност **за плаќање на придонесите е 15-ти во тековниот за претходниот месец.**

Согласно член 22 од Законот за придонеси, работодавачот е должен на практикантот **да му достави заверена писмена пресметка** за пресметаните и уплатени придонеси најдоцна 15 дена од исплатата на надоместокот, како и збирен извештај по истекот на годината, најдоцна **до 15 февруари наредната година.**

### 1.7.4. Пресметка на НАДОМЕСТ за практикантско работење ДО 3 месеци

**ПРИМЕР 1.** Друштвото **"ДОРА"** склучило договор со кој го ангажирало лицето "**НН**" како **ПРАКТИКАНТ**. со Договор за практиканство за период **до 3 месеци** за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместок изнесува **18.040,00 денари (74% од Минималната нето плата, утврдена со Законот за Минимална плата во висина од 24.379,00 денари).**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **Минимална НЕТО плата за 2025** | **24.379,00** |
| **% од Минимална НЕТО плата** | **74%** |
| **Нето месечен надоместок (24.349 x 74%)** | **18.379,00** |
| **Најниска основица за плаќање на придонеси за 2025 година** | **31.577,00** |
| **Број на часови на практикантот** | **176** |

| | |
|---|---|
| **1. Нето надомест** | **18.379,00** |
| 2. Данок на личен доход (18.379 x 11,1111%) | 2.042,00 |
| 3. Нето надоместок со ДЛД (1 + 2) | 20.421,00 |
| 4. Бруто надомест (18.554 : 0,955) | 21.383,00 |
| **5. Придонес за инвалидност и телесно оштетување 4% (21.383 x 4%)** | **855,00** |
| 6. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување (31.577 x 4%) (1.263-855) | 408,00 |
| **7. Дополнително здрав. осигурување 0,5% (21.383 x 0,5%)** | **107,00** |
| 8. Доплата за дополнително здравствено осигурување (31.577 x 0,5%) (158 -107) | 51,00 |
| 9. Вкупно придонеси (5 + 6 + 7 + 8) | 1.421,00 |
| **10. Вкупно БРУТО надомест (1 + 2 +9)** | **21.842,00** |

***НАПОМЕНА:*** **Коефициентот за претворање од нето во бруто (0,955) е пресметан како разлика од 1 и коефициентите пресметани од придонесите, кои се плаќаат на надоместокот за практиканство и тоа придонес за инвалидност од 4% и дополнителен придонес за здравство од 0,5%, (0,955=(1-(0,04+0,005).**

### 1.7.5. Пресметка на НАДОМЕСТ за практикантско работење НАД 3 месеци

**ПРИМЕР 2.** Друштвото “**ДОРА**” склучило договор со кој го ангажирало лицето “**НН**” како **ПРАКТИКАНТ, со** договор за практиканство за период **НАД 3 месеци**) за полно работно време од 8 часа. Договорениот месечен нето надоместок **изнесува 24.379,00 еднакво на Минималната нето плата, утврдена со Законот за Минимална плата во висина од 24.379,00 денари).**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **Минимална НЕТО плата за 2025** | **24.379,00** |
| **% од Минимална НЕТО плата** | **100%** |
| **Нето месечен надоместок** | **24.379,00** |
| **Најниска основица за плаќање на придонеси за 2025 година** | **31.577,00** |
| **Број на часови на практикантот** | **176** |

| | |
|---|---|
| 1. Нето надомест | 24.379,00 |
| **2. Данок на личен доход (24.379 x 11,1111%)** | **2.709,00** |
| **3. Нето надомест со ДЛД (1 + 2)** | **27.087,00** |
| 4. Коефициент (1 – (0,04 + 0,005)) | 0,955 |
| **5. Бруто I (27.087 : 0,955)** | **28.363,00** |
| **6. Придонес за инвалидност и телесно оштетување (28.363 x 4%)** | **1.134,00** |
| 7. Доплата на придонес за инвалидност и телесно оштетување(31.577 x 4%) (1.263 – 1.134) | 129,00 |
| **8. Придонес за дополнително здравствено осигурување (28.363 x 0,5%)** | **142,00** |
| 9. Доплата на придонес за дополинително здравствено осигурување (31.805 x 0,5%) = (158 – 142) | 16,00 |
| **10. Вкупно придонеси (6 + 7 +8 +9)** | **1.421,00** |
| **11. Бруто надомест (1 + 2 + 10)** | **28.509,00** |

***КНИЖЕЊЕ:***

| | | |
|---|---|---|
| 449 - Надомест за практиканти | 28.509,00 | |
| 259 - Нето надомест на практиканти | | 24.379,00 |
| 235 - Данок на личен доход за надомест на практиканти | | 2.709,00 |
| 2390 - Придонес за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа или професионална болест | | 1.263,00 |
| 2391 - Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионална болест | | 158,00 |

***(исплатен надомест за практикантство).***

### 1.7.6. Начин на пополнување на МПИН пресметката од страна на работодавачот за практиканска работа со полно работно време ПРИМЕР 2.

При пополнување на пресметката за практикантска работа, потребно е да се преземе новата верзија: http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/81;

**НАПОМЕНА: При дополнување на МПИН пресметката, работодавачот изготвува посебна пресметка од редовната пресметка на плата, која ја поднесува за своите вработени.**

Пополнувањето на МПИН пресметката од страна на работодавач, за лица на практикантска работа, се поднесува на следниот начин:

**Во поле 1.3. ВИД НА ОБВРСКА** се пополнува **шифрата 399;**
**Во поле 1.4. ВИД НА ОБВРЗНИК** се пополнува шифра **110/111/112** во зависност од видот на обврзник, правно лице или самовработено лице.

**НАПОМЕНА: Износот на плата во вкупен износ треба да биде еднаков на износот за нето плата, односно бруто еднакво на нето.**

**Во поле 3.15** - Се внесува **ПРИДОНЕС за инвалидност телесно оштетување причинето со повреда на работа** или професионална болест **по стапка од 4%,**
**Во поле 3.16** - Се внесува **ДОПЛАТА НА ПРИДОНЕС за инвалидност и телесно оштетување причинето со повреда на работа** или професионална болест **по стапка од 4%,**
**Во поле 3.42** - Се внесува **ДОПОЛНИТЕЛЕН ПРИДОНЕС** за Задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување **по стапка од 0,5%;**
**Во поле 3.43** - Се внесува **ДОПЛАТА НА ПРИДОНЕС** за задолжително здравствено осигурување до најниска основица и
**Во поле 3.46** - Се внесува **ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД**
**Во поле 3.17** - Потребно е да се внесе **шифрата за вид на стаж 2222- лице ПРАКТИКАНТ.**

***ПОПОЛНУВАЊЕ НА МПИН ПРЕСМЕТКА** (Пример 2)*

***ДЕЛ 1***

Поле 1.1 - Месец за кој се пресметува ............................... 04

Поле 1.2 - Година за која се пресметува 2025

**Поле 1.3 – Вид на обврска 399**

Поле 1.4 - Вид на обврзник за пресметка и уплата на придонеси 110

Поле 1.5 - Број на вработени 1

***ДЕЛ 2***

Се внесува податоци за правниот субјект кој е обврзник за пресметување и уплата на придонеси и данок на личен доход, како даночен број, матичен број, назив, адреса, телефон, шифра на општина, емаил адреса.

***ДЕЛ 3***

**Во поле 3.0 до поле 3.4-ц** се пополнуваат податоци за осигуреникот и тоа: ЕМБГ, Презиме, Име и Број на деловна единица, Ознака на подрачната единица за издавање на потврди за платен придонес за здравствено осигурување, Ознака на општината на обврзникот за плаќање на придонеси и данок;

Поле 3.4 – Број на деловна единица 001

**Поле 3.4б – Ознака на подрачна единица за издавање на потврда за платен придонес за здравствено осигурување Скопје 4061**

Поле 3.5 – Траење на стаж во денови 30

Поле 3.6 – Ефективна работа - часови. 176

**Поле 3.7 – Износ за ефективна работа 24.379**

**Поле 3.14 – Основица за пресметување на придонес БРУТО ПЛАТА во вкупен износ 28.509**

Поле 3.15 – Придонес за инвалидност и телесно оштетување 1.134

Поле 3.16 – Доплата на придонес до најниска основица 129

Поле 3.42 – Дополнителен придонес за здрав. Осиг. 142

Поле 3.43 – Доплата на придонес до најниска основица 16

Поле 3.46 – Данок на доход 2.709

**Поле 3.17 – Шифра за вид на стаж на осигурување 2222**

Поле 3.27 – Дата на засновање на работен однос 1

Поле 3.29 – Шифра за промена на засновање/престанок на работен однос 1

Поле 3.30 – Број на пријава/одјава социјално осигурување 1

| | |
|---|---|
| Поле 3.13 – Нето плата | 24.379 |
| Поле 3.31 – Ефективна нето плата. | 24.379 |
| Поле 3.32 – Број на трансакциска сметка | x |

### *1.8. Начин на пополнување на МПИН пресметка од страна на работодавачот за практиканска работа со неполно работно време*

Согласно одредбите на Законот за практиканство, работодавачот може да склучи Договор за практикантска работа на полно или неполно работно време, во зависност од потребата и волјата на договорените страни.

Доколку практикантот **не работи цел месец** во тој случај се пополнуваат календарски денови и часови согласно деновите и часовите поминати на практиканска работа, **како и полињата 3.27 или 3.28 и полето 3.29 за означување на почетокот/-престанокот на практиканска работа.**

**НАПОМЕНА: Согласно одредбите на Законот за практиканство, работодавачот може да склучи договор за практикантска работа на полно или неполно работно време, во зависност од потребата и волјата на договорените страни.**

**Доколку станува збор за лице на практиканска работа со неполно работно време, во поле 3.17 потребно е да се внесе шифра 6666 - Лице Практикант со неполно работно време.**

Доколку во месецот се поднесе и исплати МПИН пресметка **со вид на обврзник (110, 111, 112)** и **вид на обврска 399** и **имате потреба од корекција на податоците во наведената пресметка,** во тој случај исправката на податоците се врши со поднесување на пресметка **со користење на шифра за вид на обврзник (110, 111, 112) и шифра за вид на обврска 393.**

За пополнување на МПИН пресметката од страна на работодавачот, за лице на практиканска работа со неполно работно **време**, во поле:

- **3.17 се внесува ШИФРАТА ЗА ВИД НА СТАЖ 666 - Лице практиканат со неполно работно време.**

**ПРИМЕР 4.** Друштвото **"ДОРА"** ангажирало лице со Договор со практиканство за период **над 3 месеци** за полно работно време **за 18 работни дена (144 работни часа).**

Договорениот месечен нето надоместок, кој ке му биде исплатен за месец **АПРИЛ/2025 година**, **изнесува 18.040,00 денари односно (74% од 24.379 денари).**

Бидејки лицето не е ангажирано цел месец, **најниската основица за придонеси во бруто износ не е 31.577,00 денари,** туку истата изнесува:

**25.836 денари (31.577 : 176 x 144)**.

### *1.9 Договор за практикантска работа*

Согласно член 12 од ЗП, правата и обврските на практикантот и работодавачот се уредуваат со **Договор за практикантска работа.**

Работодавачот е должен да го склучи договорот за практикантска работа со практикантот во писмена форма, кој треба да биде потпишан од двете страни, пред започнувањето на практикантската работа.

***Договорот за практикантска работа за лице помладо од 18 години, го потпишуваат практикантот***, неговиот родител/старател и работодавачот.

Договорот за практикантска работа, може да биде потпишан на полно работно време или неполно работно време, согласно со потребите и волјата на договорните страни.

Договор за практикантска работа не може да се склучи за вршење на работи и задачи за конкретно постојно работно место, за кое може да се склучи договор за вработување, односно практикантот не може да обавува редовни работни обврски.

Договор за практиканска работа не може да се склучи со лице кое претходно било вработено кај ист работодавач или друг работодавач за работно место со исти или слични работни задачи како пракиканска работа и работниот однос да траел не помалку од три месеци.

Со склучување на договорот за практикантска работа, практикантот не ги губи правата по основ на невработеност, согласно со прописите од областа на вработувањето и осигурување во случај на невработеност и правата пропишани по основ на социјална заштита, утврдени согласно со прописите од областа на социјалната заштита.

**ДОГОВОР ЗА ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА**

***Склучен на ден 2025 година, помеѓу:***

1. Правното лице __________________________со седиште во _______________ (адреса) застапувано од _________________ (име и презиме), како обезбедувач на практиканска работа и

2. Лицето ___________________________, со адреса на живеење ____________________, ЕМБГ _______________, како корисник на практикантска работа - Практикант),

**Член 1**

Со овој договор се регулира практикантската работа на практикантот кај работодавачот.

**Член 2**

Времетраењето на овој договор е _____месеци и истиот започнува да се применува од _____________2025.

**Член 3**

Работните задачи кои ќе ги врши практикантот вклучуваат пополнување на налози за плаќање, архивирање на документација, подготовка на испратници, магацинска работа, благајничко работење, подготовка на ПЛТ обрасци како и останати поврзани работни активности.

Еден дел од работните активности практикантот ќе ги извршува во софтверот за деловно работење на работодавачот.

Целта на извршување на работните активности е стекнување на основно работно искуство, запознавање со работните оперативни процеси на работодавачот и стекнување на практични вештини за исполнување на секојдневни работни задачи, кои се вообичаени за дејноста на работодавачот.

При извршување на работните задачи на практикантот во својство на ментор, ќе му помага лицето **“ТН”** вработено кај работодавачот во редовен работен однос.

**Член 4**

Работното време во кое практикантот ќе ги исполнува работните задачи е 8:30 до 16:30 часот, секој работен ден, во просториите на работодавачот.

Практикантот има право да користи пауза во траење од половина час на ден, во термин од денот во договор со менторот.

**Член 5**

Месечниот нето надомест кој работодавачот се обврзува да му гу исплаќа на практикантот изнесува ____% од минималната законска нето плата за работата, во првиот месец,___% од минималната законска нето плата за работата, во вториот и третиот месец и ____% од минималната законска нето плата за работата во четвртиот, петтиот и шестиот месец.

Работодавачот се обврзува да ги подмири и сите дополнителни законски пропишани даноци, придонеси и останати давачки, кои произлегуваат од претходниот став.

**Член 6**

Сите податоци до кои ќе дојде практикантот за време на извршување на работните задачи кај работодавачот имаат својство на деловна тајна и практикантот не смее да ги споделува со лица надвор од работните простории на работодавачот.

Практикантот не смее да понесе никаков имот на работодавачот, кој ќе го користи за извршување на работните задачи надвор од работните простории на работодавачот.

**Член 7**

Работодавачот се обврзува на практикантот да му издаде потврда за извршената практикантска работа, согласно со законските одредби.

| **Практикант** | **Работодавач** |
| --- | --- |
| _________________ | ________________ |

Скопје, ________ 2025 година

# ЈАВЕН СЕКОР

*дипл.економист: Јулија Минковска*

## *УСЛОВИ И НАЧИН НА ВРШЕЊЕ НА ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА ВО 2025 ГОДИНА*

***Правата и обврските на волонтерите и организаторот на волонтерството, договорот за волонтереството и евиденцијата на волонтерската работа се регулирани согласно Законот за Работни односи ("Службен весник на РСМ" 62/05...288/21, 111/23), Законот за волонтерство („Службен весник на РМ" 85/07; 161/08; 147/15; 124/19, 103/21), и Правилникот за начинот на водење и евиденција на волонтерската работа („Службен весник на РМ" 128/07).***

### *ВОВЕД*

Волонтерството претставува активност од интерес за Република Северна Македонија, која придонесува за подобрување на квалитетот на животот со активно вклучување на луѓето во општествениот живот, како и за развој на хумано и рамноправно демократско општество.

Под волонтерство се подразбира и доброволно давање на лични услуги, знаења и вештини и /или вршење на други активности во корист на други лица, органи, организации и други институции, без надоместок.

Со законот не се ограничува можноста да се даваат волонтерски услуги, кои се од непостојана или случајна природа на доброволна основа, без надоместок.

Под волонтерство, не се подразбира вршење на волонтерски стаж, согласно со Законот за работните односи.

## *1. ПОИМ ЗА ВОЛОНТЕР*

Согласно член 3 од Законот за волонтерство (***во продолжение – Законот***), волонтер е физичко лице кое дава услуги, вештини и знаења, во корист на други лица, органи, организации и други институции, на доброволна основа и без финансиска или друга лична добивка.

***Волонтер може да биде домашно и странско физичко лице, без ограничувања во поглед на потеклото.***

Согласно член 7 од Законот, државјанин на РСМ може да волонтира во други држави, согласно со прописите на државата во која волонтира и ратификуваните меѓународни договори.

За таа цел, а во согласност со ***Правилникот за начинот, постапката и евиденцијата за издавање на согласност за волонтирање на странско лице ("Службен весник на РМ" 128/07),*** организаторот на волонтерската работа до Министерството за труд и социјална политика доставува Барање за издавање согласност за волонтирање на странско лице.

**Кон барањето за издавање на согласност, се доставуваат следниве документи:**

- Договор за волонтирање;
- Програма за волонтирање;
- Документ, со кој се докажува идентитет на странецот;
- Изјава дека не е казнуван за прекршок;
- Копија од упис во Центалниот регистар на РМ, односно надлежниот основен суд на организаторот на волонтерската работа и
- Висината и начинот на покривање на патните трошоци и трошоците за престој на волонтерот.

Организаторот на волонтерската работа е должен **во рок од 60 дена,** од денот на издавање на согласноста, да го извести Министерството за труд и социјална политика, за почетокот на волонтирање на странското лице.

### 1.1. Малолетно лице – волонтер

Волонтер може да биде и малолетно лице, со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Договор за волонтирање со малолетни лица може да се склучи само со писмена согласност од неговите родители или старатели.

Согласно одредбите на членовите 172, 173, 174, 175 и 176 од Законот за работни односи, ***кои се однесуваат за заштита на лицата кои не наполниле 18 години, соодветно се применуваат на малолетни лица кои волонтираат***.

Имено, според овие членови работното време на работникот кој сеуште не наполнил 18 години возраст, не смее да биде подолго од **осум часа дневно и 40 часа** неделно, а доколку работи најмалку четири и пол часа дневно, има право на пауза за време на работното време, од најмалку 30 минути. Работник кој се уште не наполнил 18 години возраст, има право на одмор меѓу два дена во траење од најмалку 24 последователни часа, како и право на годишен одмор зголемен за седум работни дена. ***Работник кој не неполнил 18 години возраст не смее да работи ноќе меѓу 22,00 и 6,00 часот наредниот ден.***

По исклучок во случај на виша сила, кога работата мора да биде извршена, а полнолетните работници со возраст под 18 години, мора да работат ноќе, при што имаат право на одмор во наредните три дена.

## 2. ОРГАНИЗАТОРИ НА ВОЛОНТЕРСКА РАБОТА

Согласно член 6 од Законот, организатори на волонтерска работа, можат да бидат:

- **Здружение на граѓани и фондација,**
- **Верска заедница и религиозна група,**
- **Јавна установа,**
- **Орган на државна власт, и**
- **Единица на локална самоуправа и градот Скопје.**

Организаторот на волонтерската работа ја утврдува потребата од ангажирање на волонтери, видот на услугите и начинот и постапката за обезбедување на истите, врз основа на програма за волонтирање.

Организаторот на волонтерската работа не смее волонтерот да го стави во нееднаква положба поради расата, бојата на кожата, полот возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности.

## *3. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВОЛОНТЕРОТ И ОРГАНИЗАТОРОТ НА ВОЛОНТЕРСТВОТО*

### *3.1. Право на волонтерите*

Согласно член 10 од Законот, **Волонтерот има право:**

- **Во писмена форма да го добие описот на правата и обврските кои треба да ги исполни и да биде запознаен со условите и опасностите, поврзани за време на волонтирањето, пред започнување на волонтирањето,**
- **Да биде запознаен со општите акти на организаторот на услугите, односно на оние делови кои се однесуваат на волонтерските услуги, за кои е ангажиран,**
- **Да користи средства за заштита при работа, согласно со прописите за заштита при работа,**
- **На обука, доколку истата е потребна за обезбедување на услугата која е предмет на договорот,**
- **На отсуство за време на волонтирањето, ако за тоа постојат оправдани причини**
- **На дневен одмор,**
- **Да биде консултиран и информиран при одлучување за начинот на давање на услугите;**
- **Надоместок на однапред договорените трошоци поврзани со волонтерството (трошоци за храна, трошоци за превоз до и од местото на волонтирањето, трошоци за службени патувања и трошоци за обука)**
- **на заштита на приватноста и личните податоци.**

Надоместокот на трошоците за храна и за превоз до и од место на волонтирање се исплатува ***најмногу во висина до 15% од просечната месечна плата во републиката, исплатена за претходната година, а*** трошоците за службени патувања и трошоци за обука кои се исплатуваат во иста висина како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.

> ***НАПОМЕНА:*** **Волонтерот странско физичко лице има право и на трошоци за престој, здравствено осигурување и повратни патни трошоци.**

### *3.2. Обврски на волонтерот*

Согласно член 11 од Законот, Волонтерот е должен да:

- ***Го извести организаторот на волонтерството за болеста или други причини за неможноста за давање на услугите,***
- ***Дава услуга согласно со закон, договорот за волонтерство и општите акти на организаторот на волонтерството со кои претходно е запознаен,***
- ***Дава услуга лично и непосредно,***
- ***Учествува во обука, со цел да се обезбеди квалитетот на давањето на услугата,***
- ***Ги чува доверливите податоци, односно клсифицираните информации на организаторот на волонтерската работа, со кои е запознаен пред давањето на услугата и***
- ***Го извести организаторот на волонтерската работа за штетни последици за кои е запознаен, кои можат да настанат за организаторот и за самиот себе или за трети лица. Доколку волонтерот претходно го известил организаторот за наведените штетни последици, истиот нема одговорност за направената штета.***

**Согласно член 12 од Законот,** Волонтерот кој за време на давањето на волонтерската услуга, **намерно или од крајна небрежност** ќе предизвика штета кај организаторот на волонтерската работа, должен е да му ја надомести штетата на организаторот на волонтерската работа, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Организаторот на волонтерската работа е должен да му ја надомести штетата на волонтерот, предизвикана за време или во врска со давање на волонтерската услуга, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

Волонтерот кој за време или во врска со давањето на волонтерската услуга ќе предизвика штета кај трети лица, должен е да ја надомести исто така согласно со одредбите од Законот за облигационите односи.

### *3.3. Обврски на организаторот на волонтирањето*

Согласно член 13 од Законот, организаторот на волонтерската работа е должен да:

- ***Обезбеди услови за вршење на волонтерската работа согласно со Законот и договорот за волонтерска работа,***
- ***Му издаде на волонтерот волонтерска книшка за волонтерската работа и во истата да ги наведе податоците пропишани со законот,***
- ***Обезбеди материјали и средства за вршење на волонтерската работа,***
- ***Обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци,***
- ***Обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста,***
- ***Обезбеди други услови пропишани со законот или за кои меѓусебно тие се договориле и***
- ***Обезбеди осигурување од професионални болести и повреда на работа за време на волонтирањето, согласно со прописите за пензиското и инвалидското осигурување и прописите за здравствено осигурување, доколку така е договорено.***

### *3.4. Надоместоци на лица волонтери*

Лицата волонтери, имаат право на надоместок на трошоците поврзани со волонтерството и тоа:

***Надоместок на трошоци за храна и трошоци за превоз до и од местото на волонтирањето кој се исплатува најмногу во висина до 15%*** од **просечна исплатена БРУТО ПЛАТА по вработен за претходната 2025 година, која изнесува**:

**9.298,00 денари**

односно **15% од Просечна исплатена месечна бруто плата за 2024 година**, која според Соопштението на ДЗС бр. 4.1.25 од 21.02.2025 година, изнесува :

**61.984,00 денари**

Трошоците за службени патувања и трошоци за обука, кои се исплатуваат во иста висина, како за вработените кај организаторот на волонтерската работа.

***Волонтер странско физичко лице, има право и на трошоци за престој, здравствено осигурување и повратни патни трошоци.***

### *3.5. Даночен третман на надоместоците на волонтерите*

Согласно член 12 точка 15 од Законот за Данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20; 85/21, 274/22), е пропишано дека ***надоместокот на лицата волонтери се ослободува од данок на доход*.**

Согласно член 9 став 1 точка 6 од Законот за Данок на добивка, ("Службен весник на РМ" 112/14...151/21, 199/23), е пропишано дека надоместоците за лицата волонтери се даночно признати расходи*, **односно не се оданочуваат со данок на добивка.***

## *4. ПРЕСМЕТКА НА НАДОМЕСТ И ПРИДОНЕС ЗА ЛИЦАТА АНГАЖИРАНИ КАКО ВОЛОНТЕРИ*

Согласно член 9 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување ("Службен весник на РМ" 142/08… 171/17; 35/18; 247/18**), Обврзник** за плаќање на придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда е лице кај кое повредата настанала со учество во волонтерската работа, согласно со Законот, како и лица корисници на социјална помош и невработени лица, работно ангажирани за време на вршење на јавни работи.

Согласно член 13 од Законот за придонеси, обврзник за пресметка и уплата на придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда, ***е организаторот на волонтерската работа за лицата волонтери.***

***Основица за пресметка на овој придонес е 50% од*** просечно исплатената месечна плата по работник во РМ објавена во Јануари во тековната година, според податоците на ДЗС и тоа во висина од:

| |
|---|
| **63.154,00 x 50% = 31.577 денари.** |

Стапката за пресметување на овој придонес изнесува **4% од основицата**. Според тоа придонесот за инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда, изнесува:

| |
|---|
| **31.577 x 4% = 1.263,00 денари.** |

Придонесот се плаќа со пополнување на образецот МПИН при што обврзникот за пресметка и уплата на придонесот е должен податоците да ги достави до УЈП, најдоцна до 10-ти во тековниот месец за претходниот месец на следната уплатна сметка:

| |
|---|
| ***843–(општина) 149 приходна 712113; подпрограма 00.*** |

### *4.1. Пример за пресметка на надомест и придонес за лица ангажирани како волонтери*

Јавна здравствена установа склучила договор со волонтер-физичко лице, за вршење на волонтерски работи и тоа работа на програма за заштита на населението од заразни болести.

***Согласно Договорот за волонторање за месец МАРТ 2025 година на волонтерот му е исплатено:***

| | |
|---|---|
| Надомест на исхрана и трошоците за превоз до и од место на волонтирање **(61.984 x 15%)** | **9.298,00** |
| Придонес за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професинална болес **(31.577 x 4%)** | **1.263,00** |
| **Вкупно трошоци:.** | **10.561,00** |

***НАПОМЕНА*: Доколку договорот за волонтерство е склучен на поголем износ од пропишаниот износ од 10.561,00 денари, на разликата се плаќа Данок на доход.**

Вишокот исплатен износ заедно со персоналниот данок се додава во Даночниот Биланс, како Даночно непризнат расход.

Вкупните трошоци на јавната здравствена установа за надоместок **за храна и превоз од 10.561,00 денари** и придонесот за инвалидност и телесно оштетување со повреда на работа или професионална болест од **1.263,00 денари** за ангажирање на лицето волонтер, изнесуваат**: 9.298,00 МКД.**

**Книжење:**

| | | |
|---|---|---|
| 1981 - Придонес за волонтери | 1.263,00 | |
| 1986 - Надомест за волонтери | 9.298,00 | |
| 255 - Обврски за други придонеси | | 1.263,00 |
| 225 - Обврски спрема граѓани | | 9.298,00 |

***- (пресметка по договор за волонтерство за м. март);***

| | | |
|---|---|---|
| 4259901 - Други договорени услуги за волонтерски придонес | 1.263,00 | |
| 4259902 - Други договорени услуги за волонтерски придонес | 9.298,00 | |
| 1981 - Придонес за волонтери | | 1.263,00 |
| 1986 - Надоместок за волонтери | | 9.298,00 |

***- (за исплатени трошоци);***

| | | |
|---|---|---|
| 225 - Обврски спрема граѓани | 9.298,00 | |
| 255 - Обврски за други придонеси | 1.263,00 | |
| 1000 - Редовна сметка | | 10.561,00 |

***- (исплатени надоместоци по извод).***

### *4.2. Пополнување на МПИН Пријавата за лица ангажирани како волонтери*

Образецот МПИН се **пополнува посебно за вработените, посебно за лицата волонтери.**

Во МПИН пријавата за пресметка и уплата на придонесите за волонтерите, се пополнува на следниот начин:

| **Поле – 3.0 до поле 3.4** | | **Податоци за осигуреник** |
|---|---|---|
| Поле - 1.3 | Вид на обврска | 222 |
| Поле - 1.4 | Вид на обврзник | 110 |
| Поле - 3.5 | Траење на стаж во денови | 31 |
| Поле - 3.6 | Ефективна работа - часови | 168 |
| **Поле - 3.7** | **Износ на ефективна работа** | **9.511** |
| Поле - 3.14 | Основица за придонеси | 31.577 |
| Поле - 3.15 | Придонес за ПИОМ | 1.263 |
| **Поле - 3.17** | **Шифра за вид на осигурување** | **222** |
| Поле - 3.30 | Број на пријава/одјава задолж.соц. осигурување | |
| **Поле - 3.13** | **Нето плата** | **10.561** |
| **Поле - 3.31** | **Нето плата по задршка** | **/** |
| Поле - 3.32 | Број на трансакциска сметка | / |

*НАПОМЕНА:* **Образецот МПИН се пополнува посебно за вработените, посебно за лицата волонтери.**

**Во поле 1.3 – Вид на обврска** се пополнува **шифрата 222** – *Придонес за лица вон работен однос (Волонтери);*

**Во поле 1.4 – Вид на обврзник** се пополнува **шифрата 110** – *Обврзник правно лице.*

**Во поле 3.15 – Придонес за пензиско и инвалидско осигурување,** се внесува само придонесот за осигурување во случај на повреда на работа **по стапка од 4%, што претставува придонес за Пензиско и инвалидско осигурување.**

**НАПОМЕНА: На основица** ***од 50% од просечна плата 31.577,00*** **денари, со примена** ***на стапка од 4%*** **се пресметува само** ***придонес за ПИО во износ од 1.263,00 денари во поле 3.15***

- **Во поле 3.17** – **Шифра за стаж на осигурување** , се пополнува шифрата :
  **222 –** *Лице вон работен однос осигурано во случај на настанување на инвалидност и телесно оштетување***.**
- **Во поле 3.30 – Број на пријава/одјава** од задолжително социјално осигурување **се внесува 1.**

Ова поле е задолжително и се пополнува број на Договор за обврзникот*; (**пр: Доколку обврзникот е пријавен во работен однос (М1)** и во текот на месецот нема промени, во тој случај се внесува* **"1".**

Доколку обврзникот во текот на месецот има престанок **(М2),** и почеток на вработување **(М1),** пресметката се пополнува **во два реда.**

***Во ПРВИОТ ред*** се пополнува престанокот и **полето 3.30 се полнува со шифра "1",** а во

***Во ВТОРИОТ ред*** се внесува повторната пријава во работен однос **и се внесува шифра "2".**

Во зависност од бројот на вработувања во месецот за ист обврзник, кај ист работодавач се внесува број на Договор ***(кај Агенцијата за привремено вработување и сезонски вработувања*****).**

| |
|---|
| ***Износот во поле*** <br> ***3.7 – Износ на ефективна работа*** треба да биде еднаков на износот во поле **3.13 – Нето плата,** ***а во полето*** <br> • ***3.31 – Ефективна нето плата*** се внесува износот на **надоместокот за волонтерите што треба да се исплати.** |

Доколку **волонтерот не работи цел месец** во тој случај се пополнуваат помалку календарски денови и часови, како и полињата:

- **3.27 – Дата на засновање на работен однос** или
- **3.28 – Дата на престанок на работен однос** и полето
- **3.29 – Шифра за промена на засновање/ престанок на работен однос.**

## *5. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ ЗА НЕПОЧИТУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ*

Согласно член 22 од Законот за волонтерство, **Глоба** во износ **од 200 до 400 евра** во денарска протвврედност ќе му се изрече за пре-кршок **на микро и мал работодавач - правно лице**, **Глоба во износ од 300 до 600 евра** во денарска противвредност на среден работодавач - правно лице, **Глоба во износ од 600 до 1.000 евра** во денарска противвредност на голем работодавач - правно лице, ако:

- Не го извести Министерството за труд и социјална политика за почетокот на волонтирањето на странско лице ***(Член 8 од Законот);***
- Го стави волонтерот во нееднаква положба поради раса, боја на кожа, пол, возраст, здравствената состојба односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, националното или социјалното потекло, статусот на семејството, имотната состојба, половата насоченост или заради други лични околности; ***(Член 9 од Законот);***
- Не ја надомести штетата на волонтерот предизвикана за време или во врска со давање на волонтерската услуга, согласно со одредбите од Законот за облигационите односи ***(Член 12 став 2 од Законот)***;
- Не обезбеди услови за вршење на волонтерска работа согласно со законот и договорот за волонтерската работа, не му издаде волонтерска книшка за волонтерската работа и не ја пополни волонтерската книшка со потребните податоците прпишани со законот, не обезбеди навремена исплата на однапред договорените трошоци, не обезбеди тајност на податоците и заштита на приватноста на волонтерот, не обезбеди осигурување од професионални болести, повреда на работа за време на волонтирање, согласно со прописите за пензиско-инвалидско осигурување и прописите за здравствено осигурување и не обезбеди други услови пропишани со овој закон или за кои меѓусебно тие се договориле ***(Член 13 од Законот);***

- Не склучи договор за волонтерство со волонтерот во писмена форма, доколку волонтерската работа трае повеќе од 40 часа месечно со домашно физичко лице или не склучи договор за волонтерска работа со странско физичко лице – волонтер ***(Член 14 став 1 и 2 од Законот)***;
- Со склучениот договор за волонтерство го избегне склучувањето на договорот за вработување ***(Член 17 од Законот)*** и
- не води евиденција за волонтерската работа за сите волонтери ***(Член 19 став 1 од Законот).***

**Глоба во износ од 80 до 150 евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече за прекршокот на одговорното лице во правното лице **кај микро и мал** работодавач**, Глоба во износ 150 до 300 евра** во денарска противвредност кај среден работодавач и **Глоба во износ 200 до 400 евра** во денарска противвредност кај голем работодавач.

За наведените прекршоци, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.

**Согласно** член 24 од Законот, **Глоба во износ од** 25 до 35 **евра** во денарска противвредност, ќе му се изрече на волонтерот, ако:

- **Не го извести организаторот на волонтерската работа** за болест или други причини за неможноста за давање на волонтерски услуги;
- **Предизвика штета од небрежност** и не ја надомести штетата согласно со Законот за облигационите односи;
- **Предизвика штета кај трети лица** и не ја надомести штетата, согласно со Законот за облигационите односи;

За наведените прекршоци, прекршочна постапка води и прекршочна санкција, **изрекува надлежниот суд.**

## *6. ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТЕРСТВО*

Согласно член 14 од Законот, организаторот на волонтерската работа е должен со волонтер – домашно физичко лице, да склучи договор за волонтерство во писмена форма, ***доколку волонтерската работа трае повеќе од 40 часа месечно.***

Организаторот на волонтерската работа, може да склучи договор за волонтерство и со волонтер - домашно физичко лице за волонтерска работа, која трае помалку од 40 часа месечно.

Организаторот на волонтерската работа е должен со волонтер – странско физичко лице да склучи договор во писмена форма, за волонтерство за сите волонтерски услуги.

**Договорот за волонтерство, ги содржи следниве елементи:**

**ДОГОВОР ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ**

Склучен на ден ____________ година, помеѓу:

**1. (Организаторот на волонтерска работа) и**

**2. Име и презиме на волонтерот со ЕМБГ** ____________ со адреса на живеење на ул.____________ бр. _____, место ________ (волонтер)

**Член 1**

Волонтерски активности, кои ги врши волонтерот се предавања и разговори со програма за заштита на населението од заразни болести.

Волонтирањето се врши во времетраење од три месеци.

**Член 2**

Јавната здравствена установа се обврзува, за извршената услуга на волонтерот месечно да му исплаќа надомест на трошоци за: храна, превоз до и од местото на волонтирањето и трошоци за службени патувања и за обука во иста висина како и за вработените во Јавната здравствена установа.

**Член 3**

Исплатата на надоместоците, ќе се изврши на трансакциска сметка на волонтерот број __________.

**Член 4**

Договорните страни за прашањата кои ќе произлезат од волонтерскиот однос, а кои не се уредени со Законот за волонтерство, ќе го применуваат Законот за облигациони односи.

**Член 5**

Договорот за волонтерство престанува:

- со истекот на временскиот рок за кој е склучен договорот;
- со спогодбено раскинување;
- со денот на правосилна одлука за одземање на деловна способност на волонтерот.

**Член 6**

Во случај на спор надлежен е Граѓанскиот суд во Скопје.

**Член 7**

Овој договор е изработен во **4 (четири**) истоветни примероци од кои: 2 за организаторот на волонтерската работа, а 2 за волонтерот.

| | |
|---|---|
| **Назив на организаторот на волонтерска работа** | **Волонтер** |
| **Име и презиме на овластеното лице** | **Име и презиме** |
| ___________________________ | _______________ |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл.правник: Елена Јандриоска*

## *ЗАКОН ЗА ЗАШТИТА НА ПОТРОШУВАЧИ*

***Законот за заштита на потрошувачите е збир на правни норми кои го регулираат односот на трговците и потрошувачите при снабдување со стоки и услуги и договори за набавка на стоки и услуги, како и сите обврски за квалитет, безбедност, стандардизација, сертификација на стоки и услуги.***

### *ВОВЕД*

Со Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија“ 236/22,3/25 и 49/25 ), се уредуваат правата и обврските на потрошувачите и на трговците во потрошувачките односи, начините и постапките на заштита на правата на потрошувачите, информирањето на потрошувачите, унапредувањето на знаењето на потрошувачите за нивните права и начините и постапките на нивна заштита, правата и обврските на здруженијата и сојузите чија област на дејствување е остварувањето на целите на заштита на правата на потрошувачите, правата и обврските на надлежните органи, тела и други носители на заштитата на правата на потрошувачите, како и други прашања од значење за положбата и заштитата на правата на потрошувачите.

*1. ПРАВА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ*

Врз основа на член 2 од Законот за заштита на потрошувачите ("Службен Весник на РСМ" 236/22, 3/25 и 49/25), потрошувачите ги имаат следниве права:

1) право на задоволување на основните потреби, кое претставува достапност кон основните и нужни стоки и услуги, како храна, облека, обувки, домување, здравствена заштита, образование и хигиена;

2) право на безбедност, кое претставува заштита од стоките и услугите што се штетни за животот, здравјето, имотот или животната средина, како и од стоките чие поседување или употреба се забранети;

3) право на информираност, кое претставува располагање со точни податоци и информации што се неопходни за разумен избор на понудените стоки и услуги, односно за донесување информирана одлука;

4) право на избор, кое претставува можност за избор помеѓу повеќе стоки и услуги според прифатливи цени и со соодветен квалитет;

5) право на учество, кое претставува застапеност на интересите на потрошувачите во процесите на донесување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите, како и на можност на застапеност во процесите на усвојување и спроведување на политиките за заштита на потрошувачите преку здруженијата за заштита на правата на потрошувачите;

6) право на правна заштита, кое претставува заштита на правата на потрошувачите согласно со постапка предвидена со закон и во случај на повреда на неговите права, вклучувајќи го и надоместувањето на штетата причинета на потрошувачот;

7) право на едукација, кое претставува стекнување основни знаења и вештини неопходни за правилен и сигурен избор на стоки и услуги, како и знаења за основните права и обврски на потрошувачите и начините за нивно остварување и

8) право на здрава и одржлива животна средина, кое претставува живот и работа во средина што не е штетна по животот, здравјето и благосостојба на сегашните и идните генерации, како и на навремено и целосно информирање за состојбата на животната средина.

## 2. ОБВРСКА НА ТРГОВЦИТЕ ЗА ИНФОРМИРАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ ВО ПОТРОШУВАЧКИТЕ ОДНОСИ

Трговецот е должен на потрошувачот да му ги даде, на јасен, видлив и читлив начин, а преку амбалажа, приврзок, налепница, упатство, декларација, изјава, сертификат и/или на друг соодветен документ, најмалку следниве точни, целосни и корисни информации за:

1) белезите, квалитетот, начин на употреба и функционалноста на стоките или услугите;

2) влијанието на одредени стоки или услуги врз животната средина и животот, здравјето и благосостојбата на луѓето, како и за мерките за заштита, согласно со важечките прописи и стандарди и

3) името или називот, географската адреса и другите податоци значајни за определување на идентитетот на трговецот.

Сето тоа мора да биде напишано на македонски јазик и неговото кирилско писмо, како и на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните на територијата на Република Северна Македонија и неговото писмо, што не ја исклучува можноста од истовремена употреба и на други јазици, како и на знаци или пиктограми што се лесно разбирливи за потрошувачот.

Трговецот може да го извести, лично или по писмен пат, со користење на сите расположливи средства за комуникација, потрошувачот или потенцијалниот потрошувач кој изразил интерес за купување на производ, за главните карактеристики на производот, начинот на употреба и одржување, технолошките унапредувања и/или карактеристиките на идните верзии на производот.

За да ги информира потрошувачите за главните карактеристики на производот и во согласност со неговата деловна политика или трговска пракса, трговецот може: да го демонстрира користењето на производот на продажното место или да го предаде производот на заинтересираниот потрошувач заради бесплатна проба, тестирање или други форми на аранжмани за проба пред купување, под услов потрошувачот да биде запознаен однапред со условите на таквиот аранжман.

## 3. ОБВРСКИ НА ТРГОВЦИТЕ ПРИ ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ

Трговецот е должен да ги означи стоките со продажната и единичната цена за стоките, на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин, а со цел за подобра информираност на потрошувачот и за олеснување на споредливоста на цените.

Продажната, односно единичната цена мора да биде означена на самата стока, односно на нејзината амбалажа, кога тоа е возможно.

По исклучок, дозволено е продажната, односно единичната цена да биде означена под, над или покрај местото каде што стоката е изложена, со јасно, видливо и читливо упатување на соодветната стока, а на начин што не предизвикува забуна кај потрошувачот за тоа на која стока се однесува соодветната цена.

Трговецот е должен да ја означи цената на начин на којшто стоката и нејзините означувања не се оштетуваат и да се придржува на означените продажни, односно единични цени.

Кога стоката се става во промет при што се врши намалување на цената, трговецот може соодветната стока да ја означи со најмногу две цени со наведување на новата цена покрај видливо прецртаната претходна цена.

Кога во деловните простории на трговецот се врши и продажба на мало, покрај продажбата на големо, трговецот е должен на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин да ја означи прво малопродажната цена, а потоа и големопродажната цена на стоките.

### 3.1. Означување на цената со ценовници и тарифници

Според Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на Република Северна Македонија“ 236/22, 3/25 и 49/25), дозволено е означувањето на цените да се врши и по пат на ценовници или тарифници и истото мора да биде на недвосмислен, видлив, читлив и јасен начин при што на барање на потрошувачот, трговецот е должен да му ги стави ценовниците или тарифниците на располагање.

### *3.2. Видови на означување на цената*

Единичната цена мора да биде означена и кога стоките се продаваат како единствен производ или поединечно како дел од единствениот производ. Не е потребно да се означува единичната цена кога е иста со продажната цена. Кога согласно со посебните прописи е потребно да се означат нето масата и нето масата на сува материја за одредени претходно пакувани стоки, доволно е да се означи единичната цена за нето маса на сува материја. Кај стоките во рефусна состојба се означува само единичната цена.

### *3.3. Новина во Законот за заштита на потрошувачите*

Заради обезбедување на транспарентност на цените на стоките, врз основа на што секој граѓанин ќе може да донесе одлука при купување, новите измени во Законот за заштита на потрошувачите се во насока на обврзување на трговците да ги објавуваат на своите веб страници тековната продажна, односно единичната цена на секоја стока што ја нудат за продажба. Оваа обврска се однесува за трговците кои вршат дејност согласно со Националната класификација на дејности - НКД Рев. 2.1 со шифра 47 – Трговија на мало,и тоа за малите, средните и големите трговци, додека микротрговците и трговците-поединци се ослободени од оваа обврска.

Исто така, за оние трговци кои имаат повеќе од еден продажен објект, истите ќе треба да ги објавуваат цените на стоките, поединечно за секој свој продажен објект. Ваквото законско решение се очекува да доведе до фер конкуренција и пониски цени, особено во секторот на прехранбени производи, при што ќе може да се направат и апликации и веб-страници кои ќе им овозможат на потрошувачите да ги споредуваат цените помеѓу различните трговци на мало.

Со објавувањето на цените на интернет се обезбедува постигнување на следните цели:

- Транспарентност: Потрошувачите ќе имаат лесен пристап до информациите за цените;

- Фер конкуренција: Трговците ќе бидат подеднакво обврзани да ги почитуваат овие одредби;

- Заштита на потрошувачите: Потрошувачите ќе бидат заштитени од нефер практики, како што се скриени трошоци или нејасни цени.

Прилог:

**ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СТОКИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ОБЈАВУВААТ ОД СТРАНА НА МАЛ, СРЕДЕН И ГОЛЕМ ТРГОВЕЦ КОЈ ВРШИ ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА МАЛО**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД**

Врз основа на член 15-а став (4) од Законот за заштита на потрошувачите (*) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 236/22, 3/25 и 49/25), министерот за економија и труд, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА НАЧИНОТ НА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЦЕНИТЕ НА СТОКИТЕ И ПОДАТОЦИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ ОБЈАВУВААТ ОД СТРАНА НА МАЛ, СРЕДЕН И ГОЛЕМ ТРГОВЕЦ КОЈ ВРШИ ДЕЈНОСТ ТРГОВИЈА НА МАЛО**

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на објавување на цените на стоките и податоците што треба да се објавуваат од страна на мал, среден и голем трговец кој врши дејност трговија на мало.

Член 2

(1) Малиот, средниот и големиот трговец кој врши дејност трговија на мало согласно Националната класификација на дејностите (во понатамошниот текст: трговец) ги објавува цените на стоките кои ги пласира на пазарот на својата веб-страница на јасен и достапен начин, преку посебен дел на веб-страницата на трговецот посветен на цените (Ценовник).

(2) Објавените цени треба да бидат достапни без потреба од регистрација или дополнителна најава.

(3) Цените на стоките (тековната продажна цена, единечната цена, промотивната или попустната цена) за секој одделен продажен објект на трговецот се објавуваат на веб-страницата согласно ставот (1) на овој член и ги содржат податоците утврдени во Прилогот, кој е составен дел на овој правилник.

(4) Доколку од страна на трговецот се нудат промотивни или попустни цени, на веб-страницата на трговецот треба да биде означена редовната цена, процентот или износот на намалувањето, како и времетраењето на промоцијата или попустот.

Член 3

(1) Трговците треба да ги ажурираат цените на стоките на дневна основа, односно секој работен ден до 10:00 часот.

(2) Во случај на ненамерна техничка грешка во ажурирањето на цените на стоките, трговецот треба да ја корегира грешката во рок од 24 часа.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 23-1883/1

28 март 2025 година Министер за економија и труд,

**Прилог**

**Табеларен приказ за цените на стоките (тековната продажна цена, единечната цена, промотивната или попустната цена) за секој одделен продажен објект на трговецот**

Датум и време на последното ажурирање на цената

| Назив на стока-производ (трговска марка, модел и сл.) | Продажна цена (со ДДВ) | Единична цена (по килограм, литар, метар и сл.) | Опис на стока | Достапност во продажен објект | Редовна цена (со ДДВ) | Промотивна или попустна цена | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | Цена со попуст (со ДДВ)<br>Попуст (%) | Вид на продажно поттикнување (промотивна цена, лојалност, пакетна понуда, сезонски попуст и сл.) | Времетраење на промоција или попуст |
| | | | | | | | | |

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

дипл.економист: Марика Лекоска

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2025 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2025 година (за даноци и придонеси)* | *63.154,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата, исплатена во РМ за 2025 година, за образец (МПИН)* | *31.577,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси за 2025 година (16 просечни бруто плати –(16 x 63.154)* | *1.010.464,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2025 година* | *10.270,00* |
| *Дневница за службени патувања од 21.03.2025* | *3.430,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2024 година* | *41.239,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2024 година* | *61.984,00* |

## *I. БРУТО И НЕТО ПЛАТИ*

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА 2025 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна ***БРУТО*** плата по работник во РС Македонија, за ***2025*** година, изнесува:

| ***63.154,00 денари.*** |
|---|

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период ***ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2025 година.***

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *2.1. Најниска основица за вработени лица*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (“Службен весник на РМ” 142/08...171/17; 35/18; 247/18, 251/22, 3/25), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, ***објавена во Јануари во тековната година***, според податоците на ДЗС, **која за *2025* година, изнесува:**

| |
|---|
| ***31.577,00 денари (63.154,00 x 50%).*** |

### *2.2. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на самостојна економска дејност (таксисти, занаетчии)***<br>***31.577,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*)**<br>***63.154,00 денари;*** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА – вршител на професионална и друга интелектуална дејност (адвокати, нотари, извршители) до истекот на првата година на отпочнување на дејност:***<br>***31.577,00 денари.*** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

### *3.1. Највисока основица за вработени лица*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***,*** **НАЈВИСОКА месечна основи*ца*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот **од (16) шеснаесет просечни плати, кој износ за 2025 година, изнесува:**

| |
|---|
| ***1.010.464,00 денари (16 x 63.154,00 денари).*** |

### *3.2. Највисока основица за самовработени лица*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

*757.848,00 денари (12 x 63.154,00 денари).*

### *3.3. Највисока основица за вработени лица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

*НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА* за пресметување и уплата на придонесите за примањата *на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво,* односно *управител во трговско друштво*, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2025 година**, изнесува.

*1.010.464,00 денари (16 x 63.154,00 денари.*

### *3.4. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***изнесува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

***50.523,00 денари (63.154,00 денари x 80%).***

***НАПОМЕНА: На износот, повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, додека на разликата над највисоката основица се пресметува Данок на личен доход.***

### 4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ

| ПРИДОНЕСИ | Стап-ка | Најнизок износ | Највисок износ |
|---|---|---|---|
| Придонес за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***МАРТ 2025 година,*** по вработен | 18,8% | *5.936,00* | *189.967,00* |
| Придонес за здравствено осигурување за месец ***МАРТ 2025 година*** по вработен | 7,5% | *2.368,00* | *75.785,00* |
| Придонес за вработување за месец ***МАРТ 2025 година*** по вработен | 1,2% | *379,00* | *12.126,00* |
| Придонес за професионално заболување за месец ***МАРТ 2025 година,*** по вработен. | 0,5% | *158,00* | *5.052,00* |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | *28%* | *8.841,00* | *282.930,00* |

### 4.1 Придонес за стажна осигурување што се смета со зголемено траење

| **Придонес за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење** | **Стапка 2020-2024** |
|---|---|
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци** | **9,4%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци** | **7,83%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци** | **6,27%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци** | **4,7%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци** | **3,13%** |
| **12 месеци што се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци** | **1,57%** |

## 5. МИНИМАЛНА ПЛАТА

Согласно Законот за минималната плата во РМ ("Службен весник на РМ" 11/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 239/19; 41/22), висината на минималната плата во Република Македонија:

| Р.бр | Период на важност | Нето | Бруто | Сл. Весник на РСМ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01.01.2020 – 31.03.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 239/2019 Закон |
| 2. | 01.04.2020 – 30.06.2020 | 14.500,00 | 21.107,00 | 88/2020 Уредба |
| 2. | 01.07.2020 – 31.03.2021 | 14.934,00 | 21.776,00 | 75/2020 Објава |
| 3. | 01.04.2021 – 31.03.2022 | 15.194,00 | 22.146,00 | 80/2021 Објава |
| 4. | 01.03.2022 – 28.02.2023 | 18.000,00 | 26.422,00 | 41/2022 Закон |
| 5. | 01.03.2023 – 29.02.2024 | 20.175,00 | 29.739,00 | 558/2023 Објава |
| 6. | 01.03.2024 - 28.02.2025 | 22.567,00 | 33.352,00 | 68/2024 Објава |
| 7. | 01.03.2025 - 28.02.2026 | 24.379,00 | 36.037,00 | 67/2025 Објава |

## 6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД

### 6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2025 до 31.12.2025 година)

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20, 85/21, 274/22) данокот на личен доход за доход од работа, се пресметува со примена на две даночни стапки, согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

***6.2. Даночно намалување***

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2025*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| *Период* | *2025 година* |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***10.270,00*** |
| ***Годишно*** | ***123.240,00 10.270 x 12)*** |

## *7. СТАПКА НА ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА- И ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на член 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94... 202/19) ***Министерството за труд и социјална политика, објавува:***

1. Стапката на трошоците за живот за месец ***ФЕВРУАРИ 2025*** година во однос на месец ***ЈАНУАРИ 2025,*** според податоците на *ДЗС бр.4.1.25.22 од 07.03.2025* година, изнесува: ***(0,5%).***

2. Исплатата на платите за месец ***ФЕВРУАРИ 2025*** во однос на месец ***ЈАНУАРИ 2025***година, изнесува: ***(0,25%).***

## *8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ*

Работните часови за месец *МАРТ/2025* година, изнесуваат:

***168 часа.***

## *9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА*

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (I/2025), а се однесува за месец МАРТ 2025 година, изнесува:***

***64.697,00 денари,***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр. **4.1.25.28 од 21.03.2025).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XI-XII/2024-I/2025 година),*** а се однесува месец ***МАРТ /2025 година изнесува:***

| ***64.471,00 денари,*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.25.28 од 21.03.2025).***

***10. ПРОСЕЧНА НЕТО ПЛАТА***

***10.1. Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за месец (I/2025), а се однесува за месец МАРТ/2025 година, изнесува:***

| ***43.050,00 денари,*** |
|---|

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.25.27 од 21.03.2025).***

***10.2. Просечна исплатена месечна НЕТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (XI-XII/2024-I/2025 година),*** а се однесува месец ***МАРТ/2025 година изнесува:***

| ***42.874,00 денари,*** |
|---|

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.25.27 од 21.03.2025).***

## *II. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ПРИВАТЕН СЕКТОР*

### *1. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ*

| Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(XI-XII/2024-I/2025 година),*** а се однесува за месец ***МАРТ/2025 година, изнесува:*** |
|---|
| ***42.874,00 денари*** |

Износот ***42.874,00 денари,*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** |
|---|
| ***НАЈНИЗОК*** износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ***МАРТ/2025 година***, се исплатува во висина ***од најмалку 40% од основицата***, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година, кај ист работодавач и **износува:**<br>***17.150,00 денари во НЕТО износ***<br>***(42.874,00 x 40%)***<br>Согласно колективен договор на ниво на дејност или КД на ниво на работодавач може да се утврди регрес во поголем износ од износот согласно ОКДПСОС. |
| ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>***51.758,00 денари (64.697,00 x 80%)*** |
| ***(80% од просечна месечна БРУТО плата по работник во РМ, објавена до денот на исплатата)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** |
| ***85.748,00 денари***<br>***(двократен износ од основицата (2 x 42.874)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 85.748,00 денари.*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***42.874,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** |
| ***25.724,00 денари***<br>**60% од основицата – (60% од 42.874,*00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 25.724,00 денари.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***<br>***3.430,00 денари***<br>**8% од основицата (8% од *42.874,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 3.430,00 денари.*** |

| ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО |
|---|
| ➢ ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи, кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;<br>➢ ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната, не паѓаат на товар на органот на управата; и<br>➢ ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби, организирани во странство на мултилатерална и билатерална основа. |
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК** |
| ***128.622,00 денари***<br>***во висина од ТРИ основици (3 x 42.874,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 128.622,00 денари.*** |
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО** |
| ***85.748,00 денари***<br>***во висина од ДВЕ основици (2 x 42.874,00 денари)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 85.748,00 денари.*** |
| **ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ** |
| ***42.874,00 денари***<br>***(во висина на основицата)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 42.874,00 денари.*** |
| **КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ** |
| (**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).<br>***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.*** |
| **НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ** |
| ***(во висина на стварни трошоци)***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

| ***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА МАРТ/2025*** |
|---|
| ***8.248,00 денари***<br>(во висина од *20%* од просечна нето плата, исплатена во претходната 2024 година *(41.239,00 x 20%)*<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход НАД 8.248,00 денари.*** |
| ***НЕПРЕКИНАТО БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** |
| ***(поради повреда на работа и професионално заболување)***<br>***42.874,00 денари;***<br>Во висина од една просечна месечна нето плата исплатена по работник во РСМ за последните три месеци.<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |

***2. НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА***

***2.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ***

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| **Времетраење на боледување** | **Право на надомест** |
|---|---|
| **До 15 дена** | **70% од основицата** |
| **Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови** | **90% од основицата** |
| **Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот** | **90% од основицата** |

***ОСНОВИЦА,*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *2.2. Надоместоци на плата за ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

Согласно член 97 од Законот за работни односи ("Службен весник на РМ" 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20; 151/21; 288/21; 111/23), во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок),* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина,*** *во следните случаи:*

| ***Години поминати во работен однос*** | ***Висина на плата*** |
|---|---|
| **До 5 години** | **Една плата** |
| **Од 5 до 10 години** | **Две и пол плати** |
| **Од 10 до 15 години** | **Три и пол плати** |
| **Од 15 до 20 години** | **Четири и пол плати** |
| **Од 20 до 25 години** | **Шест плати** |
| **Над 25 години** | **Седум плати** |

| ***Испратнина за 2025*** | ***Просечна Нето плата по работник во претходниот месец*** | ***Најнизок износ на испратнина*** |
|---|---|---|
| **1** | **2** | **3 (2x50%)** |
| ***ЈАНУАРИ/2025*** | ***41.999,00*** | ***21.000,00*** |
| ***ФЕВРУАРИ/2025*** | ***43.587,00*** | ***21.794,00*** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата ***да не биде помала од 50%*** од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос ***кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач,*** на кој поради настаната-та статусна промена, правен следбеник е последниот работо-давач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *2.3. Надоместоци на плата за ПРАКТИКАНТСКА РАБОТА*

Согласно член 8 од Законот за Практиканство (Службен весник на РС Македонија, 98/19, 103/21), практикантот за време на практикантската работа кај работодавачот, ***има право на МЕСЕЧЕН надоместок, кој се исплатува од страна на работодавачот.***

Висината на месечниот надоместок ***се утврдува во НЕТО износ за полно работно време*** во зависност од времетраењето на периодот на практикантската работа и тоа:

*** Од 42% до 74% од *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА, за практикантска работа ДО ТРИ месеци*; и**

*** Во висина на *МИНИМАЛНАТА НЕТО ПЛАТА утврдена согласно со Закон, за практикантска работа НАД ТРИ* месеци**, сметано **од четвртиот месец**.

***Минимална НЕТО плата 24.379,00 денари.***

**Се пресметува и плаќа:**

- ***Придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест од 4% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување за случај на повреда на работа и професионално заболување од 0,5% од основицата за пресметка на придонеси и даноци од плата.***
- ***Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

### *2.4. Надоместоци на плата за ПРАКТИЧНА ОБУКА НА УЧЕНИЦИ И СТУДЕНТИ*

Согласно член 12 став 1 точка 14 од Законот за данок на личен доход, данокот на доход, **не се плаќа за:**

***Надоместокот за практична обука на ученици и студенти, во висина до 8.000 денари месечно:***

***Во случај на исплата на надоместокот за практична обука на ученици и практична настава на студенти, над 8.000 денари се пресметува и плаќа Данок на личен доход во висина од 11,1111%.***

Согласно член 8 став 1 точка 1 од Законот за придонеси, ***учениците и студентите се обврзници за плаќање придонес врз основа на инвалидност и телесно оштетување, причинето со повреда на работа или професионална болест за време на практична обука од 4%, а обврската за пресметка и уплата на придонесот, паѓа на товар НА УСТАНОВАТА ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО.***

### 2.5. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ што го исплатува Фондот за здравствено осигурување

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00...77/21; 60/23, 154/23,209/23), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2025 година, изнесува ***ЧЕТИРИ просечни месечни нето плати*** исплатени во РМ во претходната 2024 година **изнесува:**

***164.956,00 денари (4 x 41.239,00 денари).***

### 2.6. Надоместоци на плата за НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2025 година

Највисокиот износ на пензија, според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2025 година, изнесува:

***82.780,00 денари.***

### 2.7. Надоместоци на плата за РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговципоединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец МАРТ 2025 година*** изнесува;

***87.174,00 денари (2 x 43.587,00 денари.***

***2.8. Надоместоци на плата за МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување***

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка („Службен весник на РМ" 25/00...199/23), ***МЕСЕЧНИОТ*** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2024 година во РСМ во висина од:***

***30.992,00 денари (50% од 61.984,00 денари).***

***ГОДИШЕН НАДОМЕСТОК ИЗНЕСУВА:***
***371.904 (30.992 x 12)***

***3. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА***

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од обласa на стопанството („Службен весник на РМ" 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот, се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа............................................ 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................... 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно **не се исклучуваат**.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време, во смени.

**Основната плата на работникот, се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж (МИНАТ ТРУД)**

Согласно член 2 од Законот за празниците на РС Македонија ("Службен весник на Република Македонија" 21/98 и 18/07).

**Државни празници на Република Македонија се:**

- 24 Мај, "Св. Кирил и Методиј" - Ден на сесловенските просветители;
- 2 Август, Ден на Републиката;
- 8 Септември, Ден на независноста;
- 11 Октомври, Ден на народното востание;
- 23 Октомври, Ден на македонската револуционерна борба и
- 8 Декември, "Св. Климент Охридски".

**Празници на Република Македонија се:**

- 1 Јануари, Нова година;
- Божик, првиот ден на Божик, 7 јануари според православниот календар;
- Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар;
- 1 Мај, Ден на трудот и
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам.

**НАПОМЕНА: Согласно член 3 од законот за празници (ЗП).** доколку празниците од членот 2 на овој закон **паѓаат во недела, наредниот ден се смета за неработен.**

**Согласно член 4 од ЗП** во РМакедонија се празнуваат и неработни денови **за верниците од православната вероисповед се:**

- Бадник, ден пред Божик;
- 19 Јануари, Богојавление (Водици);
- Велики Петок, петок пред Велигден;
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) и
- Духовден, петок пред Духовден.

**Во РМ се празнуваат и неработни денови се:**

- Курбан Бајрам, прввиот ден на Курбан Бајрам за верниците од **муслиманската вероисповед**;
- 22 Ноември, Ден на албанската азбука за припадниците на **албанската заедница;**
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик за припадниците на **турската заедница**;
- Јом Кипур, прввиот ден на Јом Кипур за припадниците на **еврејската заедница;**
- првиот ден на Божик, вториот ден на Велигден и Празникот на сите светци,
- според Грегоријанскиот календар за верниците од **католичката вероисповед**;
- 27 Јануари, Свети Сава за припадниците на **српската заедница;**
- 8 Април, Меѓународен ден на Ромите за припадниците на **ромската заедница;**
- 23 Мај, Национален ден на Власите за припадниците на **влашката заедница и**
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците за припадниците **на бошњачката заедница.**

**НАПОМЕНА . Согласно член 5 од ЗП во неработните денови од членовите 2 и 4 на овој закон, работникот има право на надомест на плата, односно на зголемена плата во согласност со закон и колективен договор.**

| **ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА** | **ЗАКОН ЗА РАБОТНИ ОДНОСИ** | **ЗАКОН ЗА ТРГОВИЈА** |
|---|---|---|
| Работа во **НЕДЕЛА** | 50% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**150% 1,5 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Дневница<br>**200% 2 - Дневници** |
| Работа во **НЕДЕЛА/ПРАЗНИК** (чл.2 од ЗП – **Државен пазник** и чл.4 од ЗП- **Верски празник**) | 50% - Додаток/недела<br>50% - Додаток/празник<br>100% - Дневница<br>**200% 2 Дневници** | 100% - Додаток за недела<br>100% - Додаток / празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |

| | | |
|---|---|---|
| Работа во **ПОНЕДЕЛНИК** продолжен ден на празник во **НЕДЕЛА (чл. 2 од ЗП – Државен празник)** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 2 од ЗП) Државен празник** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 100% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**300% 3 Дневници** |
| Работа во **ПРАЗНИК РАБОТЕН ДЕН (чл. 4 од ЗП) Верски празник** | 50% - Додаток за празник<br>100% Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** | 50% - Додаток за празник<br>100% - Надоместок за празник<br>100% - Дневница<br>**250% 2,5 Дневници** |

### *4. ПЛАТЕНО ОТСУСТВО ОД РАБОТА (ПЛАТЕН ОДМОР)*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), работникот има право на платен одмор заради лични и семејни околности **до 7 работни дена, во текот на годината** во следните случаи:

**- за склучување на брак 3 дена**
**- за склучување брак на дете 2 дена**
**- за раѓање или посвојување дете 2 дена**
**- за смрт на сопружник или дете 5 дена**
**- за смрт на родител, брат, сестра 2 дена**
**- за смрт на родител на сопружник 2 дена**
**- за смрт на дедо или баба 1 ден**
**- за полагање на стручен или друг испит за потребите на работодавачот до 3 дена**
**- за елементарните непогоди до 7 дена.**

## *III. НАДОМЕСТОЦИ НА ТРОШОЦИ И ДОДАТОЦИ ОД ПЛАТА ЈАВЕН СЕКТОР*

### *1. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за ПРАВНИ ЛИЦА ОСНОВАНИ СО ЈАВЕН КАПИТАЛ правни лица со повеќе од 49% јавен капитал За ЈАВНИ правни лица*

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(I/2025), а се однесува за месец МАРТ/2025 година,*** изнесува:

| |
|---|
| ***43.050,00 денари,*** |

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно ***ОСНОВИЦАТА од 43.050,00 денари:***

| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР** |
|---|
| ***25.830,00 денари***<br>**(60% од основицата )** ***(43.050,00 x 60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА** |
| ***86.100,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата)** ***(2 x 43.050,00)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 86.100,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО** |
| ***25.830,00 денари***<br>***(60% од основицата) (43.050 x 60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 25.830,00 денари.*** |

### *2. Надоместоци на трошоци за вработени од плата за БУЏЕТСКИ КОРИСНИЦИ*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година (“Службен весник на РМ” 254/24), на буџетските корисници, им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***<br>***12.862,00 денари***<br>*(30% од просечна Месечна Нето плата,* исплатена во РМ во претходни три месеци) *(30% x 42.874,00)*<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 12.862,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***<br>***86.100,00 денари***<br>***(двократен износ на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(2 x 43.050,00)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 86.100,00 денари);*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***<br>***43.050,00 денари***<br>***(во висина на просечна месечна нето плата по работник во Републиката, објавена на денот на исплатата)***<br>***(Ослободен од Данок на личен доход до 43.050,00 денари);*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***Согласно член 20 став 4 од Општ колективен договор за јавен сектор "Службен весник на РСМ" 154/23, Јубилејните награди се исплаќаат за непрекината работа кај ист работодавач за најмалку 10, 20, 30 и 40 години работен стаж во висина од најмалку:***<br>***- 50% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 10 години стаж;***<br>***- 100% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 20 години стаж;***<br>***- 150% од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 30 години стаж и***<br>***- 200 % од просечната нето плата во Републиката во претходната година за 40 години стаж.***<br><br>***Основица за пресметување на надоместоците за трошоци поврзани со работата, претставува просечната месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во последните 12 месеци.*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА НЕ СЕ ПРОПИШАНИ.***<br><br>***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2025 година од 01.01.2025 година)*** |

| |
|---|
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***86.100,00 денари*** <br> ***(2 x 43.050,00)*** <br><br> ***(двократен износ од просечна Месечна Нето плата, по работник, исплатена во РМ до денот на исплата.*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 86.100,00 денари.*** |
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** <br> ***(Согласно член 21 од Општ Колективен договор за за јавен сектор ("Службен весник на РСМ" 154/23),*** вработениот регресот за годишен одмор за 2024 година, се исплатува во висина **од најмалку** ***30% од основицата која претставува просечна месечна нето плата по работник во РСМ исплатена во претходна година*** под услов вработениот ***да работел најмалку шест (6) месеци, во календарската година кај работодавачот и изнесува:*** <br><br> ***12.372,00 (во нето износ) (41.239,00 x 30%)*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК НЕ Е ПРОПИШАН).*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ за 2025 година),*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br><br> Согласно член 14 од Законот за Извршување на Буџетот за 2025 година, во висина од **една просечна месечна нето плата** *(во Органот каде што е вработен).* <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br><br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%).*** |

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ ЗА МАРТ/2025*** <br> ***9.298,00 денари*** <br> ***(61.984,00 x 15%)*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2024 година)***: <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 9.298,00 денари.*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2025 година изнесува:*** <br> ***81,60 денари*** <br> Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници ***(“Службен весник на РМ” 14/2025).*** |
| ***Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84-Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР - (за задолжително социјално осигурување) за I/2025 година, се однесува за месец МАРТ/2025 година изнесува:*** <br> ***34.420,00 денари (50% од 68.839,00)*** |

***3. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор***

Согласно член 19 од Општиот колективен договор за јавен сектор на РС Македонија („Службен весник на РСМ" 154/23), работникот има право на *надомест на плата – боледување – која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| **До 7 дена**<br>**До 15 дена**<br>**Од 15 до 21 ден** | **70% од основицата**<br>**80% од основицата**<br>**90% од основицата** |
| **за професионално заболување и повреда на работа, давање крв, бременост и раѓање** | **100% од основицата** |

***ОСНОВИЦА: Просечна бруто плата на работникот во последните 12 месеци. Доколку работникот во тој период не примал плата, основица за пресметка е висината на најниската основна бруто плата, исплатена на ниво на сектор, оддел или група.***

***4. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР***

Согласно член 16 од Општиот Колективен договор за ***ЈАВЕН СЕКТОР*** на РМ („Службен весник на РМ" 154/23), ***основната плата на работникот се зголемува по час, најмалку за:***

- ***Прекувремена работа...........................................35%***
- ***Работа ноќе.............................................................35%***
- ***Работа во три смени ...............................................5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор..........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 50%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во смени, работникот го остварува само за деновите кога работи во три смени организирани со периодично менување во рамките на вкупните 24 часа.

**Согласно член 17 од ОКДЈС сновната бруто плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.**

***5. Месечен надоместок (Паушал) за носители на надзорна функција на друштва во државна сопственост ДОО и АД***

Согласно член 365 од Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ" 28/04...272/24), **МЕСЕЧНИОТ НЕТО НАДОМЕСТОК за Неизвршните членови** на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор на акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, односно на членовите на надзорниот одбор во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, изнесува **една четвртина од просечната нето-плата исплатена во РС Македонија за претходната година** и за 2025 годиа изнесува:

***10.310 денари (41.239: 4)***

## *27. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ПЛАТА ЗА 2025 ГОДИНА*

### *27.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО НЕТО износ,*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **24.379,00** |
| 2. Даночно намалување за 2025 година | 10.270,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 14.109,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **1.568,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **25.948,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (24.014 x 1,3889)** | **36.037,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 6.775,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 2.703,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 432,00 |
| 10. Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 180,00 |
| 2001 | 10.552,00 | 3,9082 |
| 2002 | 11.279,00 | 3,6563 |
| 2003 | 11.824,00 | 3,4877 |
| 2004 | 12.293,00 | 3,3547 |
| 2005 | 12.597,00 | 3,2737 |
| 2006 | 13.517,00 | 3,0509 |
| 2007 | 14.584,00 | 2,8277 |
| 2008 | 16.096,00 | 2,5621 |
| 2009 | 19.057,00 | 2,0664 |
| 2010 | 20.553,00 | 2,0065 |
| 2011 | 20.847,00 | 1,9782 |
| 2012 | 20.902,00 | 1,9730 |
| 2013 | 21.145,00 | 1,9503 |
| 2014 | 21.394,00 | 1,9276 |
| 2015 | 21.906,00 | 1,8825 |
| 2016 | 22.342,00 | 1,8452 |
| 2017 | 22.928,00 | 1,7986 |
| 2018 | 24.276,00 | 1,6988 |
| 2019 | 25.213,00 | 1,6356 |
| 2020 | 27.182,00 | 1,5171 |

| | | |
|---|---|---|
| 2021 | 28.718,00 | 1,4360 |
| 2022 | 31.859,00 | 1,2944 |
| 2023 | 36.614,00 | 1,1263 |
| 2024 | 41.239,00 | 1,0000 |

**(“Службен весник на РСМ” 50/2025)**

**НАПОМЕНА: Пензиите пресметани со коефициентите од точка 1 на ова известување, а согласно членот 37 став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување, се сведуваат од просечно на месечно ниво, со коефициент од 1,0580.**

## *ВИСИНА НА ПЕНЗИСКИТЕ ОСНОВИЦИ НА ОСИГУРЕНИЦИТЕ, ОДНОСНО ЛИЦАТА КОИ НЕ ОСТВАРИЛЕ ПЛАТА, ОДНОСНО НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ПО 1 ЈАНУАРИ 1970 ГОДИНА, ЗА ПЕНЗИИ ОСТВАРЕНИ ВО 2025 ГОДИНА*

Согласно член 21 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување (“Службен весник на РМ” 98/12 ... 31/20; 267/20, 67/22, 79/23, 193/24), на осигуреникот, односно **лицето кое не остварило плата**, односно надоместок на плата **по јануари 1970 година, пензиската основица се утврдува** во зависност од движењето на просечната плата на сите вработени во Републиката и стручната подготовка на осигуреникот.

Согласно Соопштението на ДЗС за исплатена просечна месечна **БРУТО плата** по вработен во РМ бр.4.1.25.16 од 21.02.2025 година, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија **ја утврдува и објавува висината на пензиските основици** за осигурениците и лицата **кои не оствариле плат**а односно надоместок на плата ***по 1 Јануари 1970 година, според стручна подготовка.***

Висината на пензиските основици за осигурениците и лицата кои не оствариле плата, односно надоместок на плата **по 1 јануари 1970 година**, **според стручната подготовка изнесува за:**

| | |
|---|---|
| **Висока стручна подготовка** | **39.471,00** |
| **Виша стручна подготовка или подготовка за високо квалификуван работник** | **32.932,00** |
| **Средна стручна подготовка или подготовка за квалификуван работник** | **29.881,00** |
| **Стручна подготовка на полуквалификуван работник односно нижа стручна подготовка** | **26.366,00** |
| **За осигуреници и лица без стручна подготовка** | **25.413,00** |

Износите од ова известување се сметаат како просечна плата остварена во 2024 година **и служат за утврдување на пензиската основа на осигуреници, односно лицата, кои не оствариле плата,** а кои правото на пензија **го остваруваат во 2025 година.**

# ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ

## КОЕФИЦИЕНТ НА МДБ

***Коефициент на МДБ за месец МАРТ 2025 изнесува (1,2%)***

Врз основа на член 44 од Законот за Данок на добивка („Службен весник на РСМ" 112/2014...151/21, 199/23), Државниот завод за статистика, го утврдува и објавува:

**ПРОЦЕНТОТ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РСМ ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2025 ГОДИНА**

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***ПОРАСТ*** |
|---|---|---|
| **1.** | Кумулативен порат на цените на мало во РСМ, за периодот ***МАРТ 2025 година,*** во однос на просечните цени на мало, ***во 2024 година, изнесува:*** | ***1,2%*** |
| **2.** | Коефициентот за пораст на даночната основица за плаќање на данок на добивка за месец ***МАРТ 2025 година,*** **изнесува**: | ***1,2%*** |

Бидејќи коефициентот на **МДБ за месец *МАРТ 2025 година,*** е **ПОЗИТИВЕН,** месечната аконтација на данокот на добивка, ќе се пресмета како ***1/12*** **од Годишниот данок утврден во Даночниот биланс за оданочување на добивката за 2024** година, од ***(АОП/56 - Пресметан данок по намалување), помножен со 1,2%.***

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2025 ГОДИНА

***Месечен коефициент за ФЕВРУАРИ/2025 (0,007).***
***Кумулативен коефициент од I до II 2025 (0,017).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ФЕВРУАРИ/2025*** година, во однос на ***ЈАНУАРИ/2025*** година. | *0,007* |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ФЕВРУАРИ/2025 година***. | *0,017* |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***ФЕВРУАРИ/2025 година*** во однос на ***ФЕВРУАРИ/2024 година***.. | *0,074* |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ФЕВРУАРИ/2025 година***, во однос на ***ЈАНУАРИ/2025 година***. | *-0,006* |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на ФЕВРУАРИ/2025 година.*** | *-0,010* |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ФЕВРУАРИ/2025 година*** во однос на ***ФЕВРУАРИ/2024 година***. | ***0,042*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ФЕВРУАРИ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,013*** |

### *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***ФЕВРУАРИ/2025 година***, во однос на ***ЈАНУАРИ/2025 година.*** | ***0,005*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на ФЕВРУАРИ/2025 година.*** | ***0,006*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***ФЕВРУАРИ/2025 година*** во однос на ***ФЕВРУАРИ/2024 година***. | ***0,050*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***ФЕВРУАРИ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,026*** |

# КОЕФИЦИЕНТИ НА ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2025 ГОДИНА

***Месечен коефициент за МАРТ/2025 (0,000).***
***Кумулативен коефициент од I до III 2025 (0,017).***

## *1. ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАРТ/2025*** година, во однос на ***ФЕВРУАРИ/2025*** година. | ***0,000*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАРТ/2025 година***. | ***0,017*** |
| 3. | Коефициент на пораст на цените на производителите на индустриски производи во ***МАРТ/2025 година*** во од-нос на ***МАРТ/2024 година***.. | ***0,063*** |

## *2. ЦЕНИ НА МАЛО*

| *Р.бр* | ОПИС | *Коефициент* |
|---|---|---|
| 1. | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАРТ/2025 година***, во однос на ***ФЕВРУАРИ/2025 година***. | ***-0,009*** |
| 2. | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на МАРТ/2025 година.*** | ***-0,019*** |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***МАРТ/2025 година*** во однос на ***МАРТ/2024 година***. | ***0,022*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАРТ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,004*** |

## *3. ТРОШОЦИ НА ЖИВОТ – ИНФЛАЦИЈА*

| ***Р.бр.*** | ***ОПИС*** | ***Коефициент*** |
|---|---|---|
| **1.** | Месечен коефициент на пораст на цените на мало во ***МАРТ/2025*** *година*, во однос на ***ФЕВРУАРИ/2025 година.*** | ***-0,013*** |
| **2.** | Коефициент на пораст на цените на мало од ***почетокот на годината до крајот на МАРТ/2025 година.*** | ***-0,007*** |
| **3.** | Коефициент на пораст на цените на мало во ***МАРТ/2025 година*** во однос на ***МАРТ/2024година***. | ***0,027*** |
| **4.** | Коефициент на пораст на трошоците на живот во Република Македонија во период ***од почетокот на годината*** до крајот на ***МАРТ/2025 година во однос на просекот на трошоците на живот во 2024 година.*** | ***0,013*** |

# ПРЕГЛЕД НА ВИСИНА НА СТАПКА НА КАЗНЕНА И ДОГОВОРНА КАМАТА ОД 01.02.2010 ДО 30.06.2025 година

| Период | Референтна каматна стапка | Казнена камата правно и правно | Казнена камата правно и физичко | Објава на НБРМ | Стапка на ЕУРИБОР | Правно и правно | Правно и физичко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3=(2+10%) | 4=(2+8%) | 5 | 6 | 7=(6+10%) | 8=(6+8%) |
| 01.02-30.06. 2010 | 8,5% | 18,5% | 16,5% | **8562 30.12.2009** | 0,453% | 10,453% | 8,453% |
| 01.07-31.12. 2010 | 5% | 15% | 13% | **4474 30.06.2010** | 0,485% | 10,485% | 8,485% |
| 01.01-30.06. 2011 | 4% | 14% | 12% | **2521 29.12.2010** | 0,782% | 10,782% | 8,782% |
| 01.07-31.12. 2011 | 4% | 14% | 12% | **5978 30.06.2011** | 1,325% | 11,325% | 9,325% |
| 01.01-30.06. 2012 | 4% | 13,75% | 12% | **9901 28.12.2011** | 1,024% | 11,024% | 9,024% |
| 01.07-31.12. 2012 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **5631 29.06.2012** | 0,373% | 10,373% | 8,373% |
| 01.01-30.06. 2013 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **10257 31.12.2012** | 0,109% | 10,109% | 8,109% |
| 01.07-31.12. 2013 | 3,50% | 13,50% | 11,50% | **23009 28.06.2013** | 0,123% | 10,123% | 8,123% |
| 01.01-30.06. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40842 31.12.2013** | 0,216% | 10,216% | 8,216% |
| 01.07-31.12. 2014 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21389 25.06.2014** | 0,099% | 10,099% | 8,099% |
| 01.01-30.06. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **40009 29.12.2014** | 0,018% | 10,018% | 8,018% |
| 01.07-31.12. 2015 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **22941 29.06.2015** | -0,064% | 9,936% | 7,936% |
| 01.01-30.06. 2016 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **41260 29.12.2015** | -0,205% | 9,795% | 7,795% |
| 01.07-31.12. 2016 | 4% | 14% | 12% | **21125 27.06.2016** | -0,364% | 9,636% | 7,636% |
| 01.01-30.06. 2017 | 3,75% | 13,75% | 11,75% | **38458 30.12.2016** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 01.07-31.12. 2017 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **21905 29.06.2017** | -0,373% | 9,627% | 7,627% |
| 01.01-30.06. 2018 | 3,25% | 13,25% | 11,25% | **39714 26.12.2017** | -0,368% | 9,632% | 7,632% |
| 01.07-31.12. 2018 | 3,00% | 13,00% | 11,00% | **22066 27.06.2018** | -0,370% | 9,630% | 7,630% |
| 01.01-30.06. 2019 | 2,50% | 12,50% | 10,50% | **40459 26.12.2018** | -0,363% | 9,637% | 7,637% |
| 01.07-31.12. 2019 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,388% | 9,612% | 7,612% |
| 01.01-30.06. 2020 | 2,25% | 12,25% | 10,25% | **21235 26.06.2019** | -0,438% | 9,562% | 7,562% |
| 03.04-30.04. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **11011 03.04.2020** | -0,423% | 4,577% | 3,577% |
| 01.05-31.05. 2020 (**вонред-на состојба**) | 1,75% | 6,75% | 5,75% | **12262 29.04.2020** | -0,460% | 4,540% | 3,540% |
| 01.06-30.06. 2020 **(вонред-на состојба)** | 1,50% | 6,50% | 5,50% | **14004 29.05.020** | -0,482% | 4,518% | 3,518% |
| 01.07-31.12. 2020 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **15997 30.06.2020** | -0,510% | 9,490% | 7,490% |
| 01.01-30.06. 2021 | 1,50% | 11,50% | 9,5% | **31368 24.12.2020** | -0,554% | 9,446% | 7,446% |
| 01.07-31.12. 2021 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **19476 29.06.2021** | -0,555% | 9,445% | 7,445% |
| 01.01-30.06. 2022 | 1,25% | 11,25% | 9,25% | **37790/1 28.12.2021** | -0,583% | 9,417% | 7,417% |
| 01.07-31.12. 2022 | 2% | 12% | 10% | **21955/1 17.06.2022** | -0,508% | 9,492% | 7,492% |
| 01.01-30.06. 2023 | 4,75% | 14,75% | 12,75% | **42045/1 22.12.2022** | 1,884% | 11.884% | 9.884% |
| 01.07-31.12. 2023 | 6% | 16% | 14% | **22731/1 26.06.2023** | 3,399% | 13,399% | 11,399% |
| 01.01-30.06. 2024 | 6,30% | 16,30% | 14,30% | **42628/1 28.12.2023** | 3,845% | 13,845% | 11,845% |
| **01.07-31.12. 2024** | **6,30%** | **16,30%** | **14,30%** | 22635/1 17.06.2024 | **3,845%** | **13,845%** | **11,845%** |
| **01.01-31.06. 2025** | **5,55%** | **15,55%** | **13,55%** | 22635/1 28.12.2024 | **2,845%** | **12,845%** | **10,845%** |

**НАЈВИСОКИ МАЛОПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ**

**(за период ЈАНУАРИ - АПРИЛ/2025 година)**

| ДАТА НА ВАЖНОСТ | ЦЕНИ НА ГОРИВО | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Еуро супер БС - 95 | Еуро супер БС - 98 | Еуро дизел БС (Д-Е V) | Масло за горење (ЕЛ – 1) | Мазут М-1/НС | Службен весник |
| 09.01.2025 | 78,00 | 80,50 | 72,50 | 72,00 | 45,711 | 4/2025 |
| 14.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,50 | 73,00 | 45,285 | 6/2025 |
| 17.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 73,00 | 46,336 | 10/2025 |
| 18.01.2025 | 79,50 | 81,50 | 75,50 | 75,00 | 46,336 | 11/2025 |
| 21.01.2025 | 81,00 | 83,00 | 76,00 | 75,50 | 46,673 | 12/2025 |
| 28.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 45,631 | 17/2025 |
| 31.01.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,50 | 73,50 | 44,531 | 20/2025 |
| 04.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 44,531 | 22/2025 |
| 06.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 46,025 | 24/2025 |
| 08.02.2025 | 79,00 | 81,50 | 73,00 | 72,00 | 47,469 | 27/2025 |
| 11.02.2025 | 79,50 | 81,50 | 73,00 | 73,00 | 48,011 | 28/2025 |
| 18.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 47,209 | 34/2025 |
| 21.02.2025 | 80,00 | 82,00 | 74,00 | 73,50 | 46,190 | 39/2025 |
| 25.02.2025 | 79,00 | 81,00 | 73,50 | 73,00 | 46,178 | 42/2025 |
| 04.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 44,952 | 48/2025 |
| 07.03.2025 | 77,50 | 79,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 51/2025 |
| 08.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 72,00 | 71,50 | 43,501 | 52/2025 |
| 11.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 70,00 | 69,50 | 42,261 | 53/2025 |
| 18.03.2025 | 74,50 | 76,50 | 68,50 | 68,00 | 41,345 | 59/2025 |
| 25.03.2025 | 75,00 | 77,50 | 68,00 | 68,00 | 40,755 | 63/2025 |
| 02.04.2025 | 76,50 | 79,00 | 69,00 | 69,00 | 41,705 | 69/2025 |
| 08.04.2025 | 76,00 | 78,50 | 68,50 | 68,50 | 41,025 | 73/2025 |
| 09.04.2025 | 76,00 | 78,50 | 68,50 | 68,50 | 40,006 | 74/2025 |
| 10.04.2025 | 74,00 | 76,00 | 66,50 | 66,50 | 39,965 | 76/2025 |
| 11.04.2025 | 74,00 | 76,00 | 66,50 | 66,50 | 37,708 | 77/2025 |
| 12.04.2025 | 71,50 | 74,00 | 64,50 | 64,50 | 37,708 | 78/2025 |
| 15.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 | 36,992 | 79/2025 |
| 23.04.2025 | 71,50 | 73,50 | 64,00 | 64,00 | 36,780 | 82/2025 |
| 29.04.2025 | 73,50 | 75,50 | 66,00 | 65,50 | 37,155 | 86/2025 |

# РОКОВИ ПРИ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ПОДНЕСУВАЊЕ НА ОБРАСЦИ ЗА АПРИЛ/2025 ГОДИНА

**Даночниот роковник** е потсетник за навремено поднесување на даночните пријави во законски предвидените рокови. Во календарот даден е преглед на даночните обврски и роковите во кои треба да ја поднесете даночната пријава по одделни видови даноци.

Доколку рокот до кога треба да се поднесе соодветната даночна пријава **е Сабота, Недела или Државен празник**, тогаш тој **се поместува за првиот следен работен ден**.

Но, сепак се препорачува даночните обврски да ги исполнат пред навршувањето на крајните рокови, прикажани во Табелата.

| ОБВРСКА | РОК НА ДОСТА-ВУВАЊЕ |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ-ВП – Даночен биланс на Вкупен приход** Плаќање на годишен данок на вкупен приход по основ на Даночен биланс на вкупен приход кој е поднесен **до 28-ми Февруари/2025 година.**.<br>**ОБВРЗНИЦИ: ФИРМИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До 1 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ-НП/ВП– Даночен биланс на Непрофитни организации** Плаќање на данок на добивка по основ на Даночен биланс на вкупен приход кој е поднесен **до 28-ми Февруари/2025 година.**.<br>**ОБВРЗНИЦИ: НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До 1 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ- Даночен биланс за оданочување на добивката** Плаќање на данок на добивка по основ на Даночен биланс кој е поднесен **до 28-ми Февруари/2025 година**.<br>**ОБВРЗНИЦИ: ФИРМИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До 1 АПРИЛ** |

| | |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Поднесување на** Месечна пресметка за интегрирана на Бруто плата односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за *МАРТ/2025* **година.**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:**: **Електронски до УЈП**. | **До<br>10 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ- Даночен биланс за оданочување на добивката** Плаќање на данок на добивка по основ на Даночен биланс кој е поднесен **до 15-ти Март/2025 г**.<br>**ОБВРЗНИЦИ: ФИРМИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До<br>15 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **ДБ-ВП– Даночен биланс на Вкупен приход** Плаќање на годишен данок на вкупен приход по основ на Даночен биланс на вкупен приход кој е поднесен **до 15-ти Март/2025 година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ФИРМИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До<br>15 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **МПИН – Плаќање по основ на Месечна пресметка за интегрирана наплата на Бруто плата** односно придонеси од задолжително социјално осигурување и ДЛД од плати за *МАРТ/2025* **година**<br>**ДОСТАВУВАЊЕе**: **Електронски до УЈП**. | **До<br>15 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на аконтацијата на данокот на личен доход** преку реализација **на ПП53** налогот од одобрените Електронски пресметки (**е-ППД**) кои ги имате поднесено за остварениот доход во земјата и странство во системот https://e-ujp.ujp.gov.m<br>**ОБВРЗНИЦИ: ГРАЃАНИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **Електронски до УЈП**. | **До<br>15 АПРИЛ** |
| **ПЛАКАЊЕ НА: Месечна аконтација на ДАНОК НА ДОБИВКА .(МДБ) за МАРТ/2025 година**<br>**ОБВРЗНИЦИ:** Сите правни субјекти освен обврзник со посебен даночен статус (***заштитно друштво за вработување на инвалиди, стопанска единица на КПУ, или корисник на технолошко индустриска зона, како и трговските друштва кои се обврзници на паушал на вкупен приход***).<br>**НАПОМЕНА: Образецот *„МДБ" немате обврска да го доставувате до УЈП.*** | **До<br>15 АПРИЛ** |

| | |
|---|---|
| **ОБРАЗЕЦ**: **Е-ПДД – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход од вршење самостојна дејност** преку реализација **на ПП53 налогот** од Електронски пресметки (е-ППД) кои се прилог кон решенијата за утврдување на годишниот данок за доходот остварен од вршење дејност во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk ***МАРТ/2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: ПАУШАЛИСТИ**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ДЛД-ДБ – Плаќање на месечната аконтација за данокот на личен доход по основ на ДЛД-ДБ ПРЕКУ** преку реализација на ПП53 налогот од Електронската пресметка (МДЛД) во системот https://e-ujp.ujp.gov.mk за ***МАРТ/2025*** **година**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Трговец поединец и самостоен вршител на дејност**<br>**Доставување**: **Електронски до УЈП**. | **До 15 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ: ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ за бројот на продадени кеси на продажно место и УПЛАТА** на надомест за биоразградливи кеси за транспорт на кеси **(II квартал за I, II, III/2025 година)**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Трговци**<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: Министерство за животна средина и просторно планирање/Сектор отпад | **До 15 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ*:* ВХВ-1/**Извештај за состојба и промени на вложувања во сопствени хартии од вредност и удели во инвестициски фондови и **ВХВ-2**/Извештај за состојба и промени на вложувања во должнички извештај за состојба и промени на вложувања во должнички хартии од вредност за ***МАРТ 2025*** **година.**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **Резиденти** кои можат да вло-жуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **до НБРМ.** | **До 20 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ: МИ –** Месечен извештај за трансакции за во странство.**за МАРТ/2025 година.**<br>**ОБВРЗНИЦИ: Резиденти** кои имаат сметки во странство, евидентни сметки или имаат одобрение за девизен максимум, односно во работењето вршат наплата и плаќање во ефективни странски пари.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ: до НБРМ** | **До 20 АПРИЛ** |

| | |
|---|---|
| **Образец: КВС-22** – Квартален извештај за вложување од странство **(II квартал за I-II-III/2025)**<br>**Обврзници**: Резиденти кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари<br>**Доставување**: **НБРМ** | **До<br>20 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ**: “**ДДВ/04 “Даночна пријава на ДДВ**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: **МЕСЕЧНИ и ТРОМЕСЕЧНИ** даночни обврзници.<br>**ДОСТАВУВАЊЕ:** преку **http://etax.ujp.gov.mk** | **До<br>25 АПРИЛ** |
| **ОБРАЗЕЦ: КИПО** - Кварталаен извештај за побартувања и обврски. странство **(II квартал за I-II-III/2025)**<br>**ОБВРЗНИЦИ**: Резиденти кои можат да вложуваат во хартии од вредност на странски финансиски пазари<br>**ДОСТАВУВАЊЕ**: **НБРМ** | **До<br>25 АПРИЛ** |

# ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

дипл.економист: Ромео Костадинов

## ДДВ И ЧЛЕНАРИНИ

***ПРАШАЊЕ:***

Дали за членарините, кои ги наплатува здружението спрема своите членови се пресметува ДДВ и ако треба, со која стапка се оданочува?

***ОДГОВОР:***

Ако одредено здружение врши промет кој служи за заедничките потреби на сите членови и ако за тоа здружението наплаќа (фактички) членарини, во тој случај недостасува размената на исполнувања со поединечните членови. Ако, наспроти тоа, здружението врши промет кој служи за намирување на поединечните потреби на секој од членовите и ако за истото наплаќа придонеси соодветно на фактичкото или претпоставеното користење на дејноста на здружението, во тој случај постои размена на исполнувања.

Фактички, членарини постојат кога придонесите се еднакво големи или кога истите се пресметуваат според мерило кое важи подеднакво за сите членови. Еднаквоста постои и кога придонесите се наплаќаат според карактеристика единствена за сите членови или кога висината на придонесите се утврдува според личните особини на членовите, на пример според старост, статус, имотна состојба, приходи, промет. Еднаквоста или еднаквото мерило, сепак, не се одлучувачки сами по себе за оценување на постоењето на фактички членарини.

Доколку одредено здружение врши промети кои служат делумно за покривање на поединечните потреби, а делумно на заедничките потреби на членовите, во тој случај членарините се делат на надоместоци и фактички членарини.

Делот од придонесите кој отпаѓа на прометите кои подлежат на оданочување, се изедначува со даночната основа која се утврдува спрема членовите од страна на здружението според член 19 став 2 точка 1, во кој случај набавната вредност е основица за ДДВ (член 19 став 1 точки 1 и 2 од ЗДДВ).

Согласно одредбите од Законот за ДДВ, членарината која ја наплатува здружение на граѓани, а не содржи елементи на промет спрема членовите, претставува неоданочива категорија.

Прометот кој го врши здружението спрема своите членови се оданочува со ДДВ во согласност со стапката за ДДВ за соодветниот вид на промет, но во овој вид на промет не спаѓа членарината.

## *ПРАВО НА ДИВИДЕНДА ОД ДОБИВКАТА ОД ПРЕТХОДНА ГОДИНА НА НОВИТЕ АКЦИОНЕРИ*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали на новите акционери кои пристапиле по основ зголемување на основната главнина им следува дивиденда од добивката од претходната година?

***ОДГОВОР:***

Зголемувањето на акционерската главнина и правото на дивиденда од претходната година се уредени со одредбите од Законот за трговските друштва (ЗТД) („Службен весник на РМ“ 28/2004...239/18 и „Службен весник на РСМ“ 290/20...272/24).

Зголемувањето на основната главнина се врши со одлука на собранието за зголемување на основната главнина. Одлуката за зголемување на основната главнина има карактер на одлука за измена на статутот, освен одлуката за зголемување на основна главнина што органот на управување ја донел според одредбата на статутот за одобрен капитал.

Ако новоиздадените акции се издаваат со износ повисок од номиналниот износ на акциите, во одлуката за зголемување на основната главнина мора да се одреди износот под којшто акциите не можат да бидат издадени.

Одлуката за зголемување на основната главнина содржи податоци за износот, начинот и датумот на зголемувањето на основната главнина, бројот, родот и класите на акциите, паричните

и непаричните влогови врз основа на коишто се преземаат новоиздадените акции и други податоци определени со закон и со одредбите од овој оддел на ЗТД, според соодветниот начин на зголемување на основната главнина.

Одлуката за зголемување на основната главнина се донесува со мнозинство гласови кое не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на собранието, освен ако со статутот не е определено поголемо мнозинство.

Ако постојат повеќе родови акции, одлуката од ставот 1 на член 421 е полноважна ако се согласат за тоа акционерите од секој род акции. Одлуката за согласност акционерите од секој род акции ја донесуваат со истото мнозинство со коешто е донесена одлуката од ставот 1 на член 421 од ЗТД.

Нова одлука за зголемување на основната главнина може да биде донесена само ако претходното зголемување на основната главнина е извршено и запишано во трговскиот регистар и кај депозитарот на хартии од вредност.

Со одлуката за зголемување на основната главнина може да се одреди новите акции да учествуваат во добивката на друштвото во деловната година што претходела на годината во којашто е донесена одлуката за зголемување на основната главнина. Во тој случај, одлуката за зголемување на основната главнина мора да биде донесена пред донесувањето на одлуката за распределба, односно за употреба на добивката за деловната година што претходела на годината во којашто е донесена одлуката за зголемувањето на основната главнина. Одлуката за распределба, односно за употреба на добивка од претходната година има правно дејство по зголемувањето на основната главнина.

Одлуката од ставот 1 на член 424 е ништовна ако одлуката за зголемување на основната главнина не е запишана во трговскиот регистар во рок од три месеца од денот на нејзиното донесување. Овој рок не тече за време додека трае постапка по тужба со којашто се побива одлуката или со којашто се бара утврдување на нејзината ништовност или за времето додека не се добие одобрение од страна на надлежен орган за зголемување на основната главнина ако е тоа определено со закон.

## *ИСПЛАТА НА ДИВИДЕНДА НА МЕНАЏЕР КОЈ НЕ Е АКЦИОНЕР/СОДРУЖНИК*

***ПРАШАЊЕ:***

Дали на менаџер, кој не е акционер врз основа на склучен менаџерски договор може да му се исплати дивиденда - дел од добивката од претходен период?

***ОДГОВОР:***

Со одредбите од член 350 од ЗТД („Службен весник на РМ" 28/2004...239/18 и „Службен весник на РСМ" 290/20...272/24) се пропишани правата и обврските на членовите на извршните органи во трговските друштва.

Правата и обврските на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, покрај правата и обврските определени со ЗТД, можат да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директорите, член на управниот одбор, односно управителот. Од името на друштвото, договорот со извршен член на одборот на директори го склучуваат неизвршните членови на одборот на директори, а го потпишува претседателот на одборот на директори, а договорот меѓу член на управниот одбор или управителот и друштвото го склучува надзорниот одбор, а го потпишува претседателот на надзорниот одбор.

Членовите на органот на управување, на надзорниот одбор, односно управителот, во согласност со нивната положба, определена со ЗТД, имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат заедно според овластувањата определени со ЗТД и според работите што им се доверени во согласност со ЗТД и со статутот. Со статутот може да се определи и поинаков начин на водење и вршење на овие работи, но само според овластувањата на членовите на органот на управување, односно на надзорниот одбор определени со законот.

Согласно одредбите од член 365 од ЗТД се пропишани начините и видовите на наградувања. Наградите од член 365 се однесуваат на членовите на управните но и на надзорните одбори.

Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на одборот на директорите, односно на членовите на надзорниот одбор. Неизвршните членови на одборот на директорите, односно членовите на надзорниот одбор имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

Неизвршните членови на одборот на директори, односно на членовите на надзорниот одбор на акционерско друштво со доминантна или во целосна сопственост на државата, односно на членовите на надзорниот одбор во друштво со ограничена одговорност со доминантна или во целосна сопственост на државата, имаат право на надоместок само во форма на месечен паушал кој изнесува една четвртина од просечната нето-плата исплатена во Република Северна Македонија за претходната година.

Извршните членови на одборот на директорите, членовите на управниот одбор, односно управителот имаат право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и на друг вид осигурување, на надоместок на патни и на други трошоци и други права.

За работата на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот, **собранието може со одлука да им одобри и учество во добивката**. Учеството, по правило, се состои од учество со дел од годишната добивка на друштвото (исплата во пари, акции, тантиема, бонус или друг начин). Одобреното учество во годишната добивка на друштвото се пресметува на делот од годишната добивка што останува по намалувањето на остварената добивка за износот од вкупните загуби пренесени од претходните години и за износите што се издвојуваат за законски и за статутарни резерви. Одлука што е спротивна на оваа одредба е ништовна.

Согласно наведеното Собранието на акционери, собирот на содружници одлучува врз основа на одредбите од Статутот и договорот за основање и менаџерскиот договор со менаџерот за правото и за исплатата на дивиденда или учество во добивката на извршни органи на управување во друштвото.

## *САНИТАРНИ (ЗДРАВСТВЕНО-ХИГИЕНСКИ) ПРЕГЛЕДИ*

***ПРАШАЊЕ:***

Кои се условите роковите и кои дејности се опфатени за извршување санитарно здравствени прегледи на вработените?

***ОДГОВОР***

Здравствено-хигиенски прегледи се вршат со цел спречување на заразни заболувања на вработените во дејности пропишани со Правилникот за начинот на вршење, содржина на прегледите, видовите на прегледите и роковите на вршењето на задолжителните здравствено-хигиенски прегледи на вработените **(“Службен весник на РМ” 152/2007 и 8/2008**) и здравствена безбедност на лицата кои ги користат услугите од овие дејности.

Здравствено-хигиенските прегледи се вршат под услови, рокови и начин пропишан во горespоменатиот правилник, а врз основа на критериумите кои се пропишани во **Законот за заштита на населението од заразни болести (“Службен весник на РМ” 66/2004...257/20).**

Здравствено-хигиенските **(санитарните**) прегледи **се спроведуваат по строго дефиниран протокол.**

### 1. ПРОТОКОЛ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНО-ХИГИЕНСКИ ПРЕГЛЕДИ

Со цел непречно извршување на здравствено-хигиенскиот преглед, а воедно почитувајќи го функционирањето на работната организација,

Ве замолуваме да се почитува долунаведениот протокол за работа при извршување на здравствено– хигиенски преглед;

1. Да се наведе **точна бројка** на вработени кои ќе се опфатат со теренски преглед.

2. Доколку вработените го прават здравствено-хигиенскиот преглед во просториите на ИЈЗ на РСМ, да се наведе точна

бројка на вработени кои ќе бидат опфатени. Претпријатието може да испрати електронски список по електронска пошта или да се даде испечатен список со податоци (***име, презиме, ЕМБГ и работна позиција***) од вработените, или, да испечати потврда за секој вработен посебно (***со горенаведените податоци***), а потврдата да е потпишана од претпоставениот на работник во претпријатието.

3. Доколку здравствено-хигиенскиот преглед предвидува примерок од фецес, примерокот се става во флаконот во сосема мала количина ***(само на лажичката***). Задолжително треба да е направен пред да се пристапи на преглед, независно дали станува збор за теренски или преглед во простириите на ИЈЗ. ***Флаконите може да се подигнат од Одделението за исхрана и здравствено-хигиенски прегледи при ИЈЗ на РСМ во просторија со број А-8.***

4. Доколку здравствено-хигиенскиот преглед предвидува перианален (целофански брис), примерокот се зема во домашни услови на следниот начин:

- **Се одлепува селотејпот од стакленцето, но не до крај,**
- **Се залепува селотејпот на анусот,**
- **Селотејпот се враќа повторно назад на стакленцето** ***(како што било на почеток, со тоа што, делот на стакленцето каде се враќа селотејпот не треба да се фати со рака, односно прст).***

Стакленцата за оваа намена може да се подигнат од Одделението за исхрана и здравствено-хигиенски прегледи **при ИЈЗ на РСМ во просторија со број А-8.**

Доколку станува збор за теренски преглед, перианалниот (***целофанскиот***) брис се извршува на терен (***на лице место***). Доколку прегледот се извршува во просториите на ИЈЗ, перианалниот (***целофанскиот***) брис треба да се направи во домашни услови пред да се пристапи на прегледот.

5. При пристигнување на екипата која ќе го изврши здравствено-хигиенскиот преглед, одговорното лице на претпријатието да ја упати екипата до просторијата каде што ќе се изврши прегледот.

6. Просторијата во која се извршува здравствено-хигиенскиот преглед, треба, претходно да е исчистена, добро проветрена и дезинфицирана. Впрочем, да има најмалку две маси и три столици.

7. Сите лица на кои треба да им се изврши преглед, да се присутни во просториите каде што ќе се извршува прегледот со чиста и уредна облека. Ноктите да им бидат кратки, нелакирани, да не се намачкани со гел за нокти или пак да имаат вештачки нокти.

8. Доколку здравствено-хигиенскиот преглед налага и примерок од фецес, флаконите со фецес да им се спремни пред да дојде екипата која ќе го изврши прегледот, а истите да им се одделени во посебно ќесе или хартија. Никако овие материјали да не им се ставени заедно со санитарната книшка или во џеб. Претпријатието треба да има обезбедено место за диспозиција на материјалите (***салфетка, хартија, ќе се и слично)*** со кои вработените го донеле флаконот со фецес.

9. Секој вработен треба да е обезбеден со сопствена санитарна книшка пред да пристапи на прегледот. Вработените на кои првпат им се прави здравствено-хигиенски преглед треба да понесат со себе документ за идентифкација (***лична карта, здравствена книшка, пасош, возачка дозвола и слично).***

10. Здравствено-хигиенскиот преглед започнува со лекарски преглед. Доколку при овој преглед се утврди дека вработениот ги исполнува здравствено-хигиенските услови од Правилникот за здравствено-хигиенски прегледи, медицинската сестра му зема брис од нос и грло, а доколку прегледот налага и примерок од фецес и перианален ***(целофански)*** брис, ги обележува флаконот и стакленцето соодветно и со тоа здравствено-хигиенскиот преглед е завршен.

**Лица на кои се спроведуваат санитеарни здравствени прегледи:**

1. **Вработени кои спроведуваат воспитно – образовна дејност;**
2. **Лица во здравствена дејност;**
3. **Лица кои доаѓаат во контакт со производството и промет на храна, при снабдување на населението со вода за пиење;**
4. **Вработени во производство, подготовка и издавање на лекови и лицата кои на друг начин во текот на работата доаѓаат во непосреден контакт;**
5. **Лица кои укажуваат хигиенска нега, работата во производство на козметички средства или вршат рекреација на населението.**

**Опфат на  здравствено-хигиенскиот преглед**

1. **Лекарски преглед;**
2. **Земање материјал за бактериолошки и пара-зитолошки испитувања;**
3. **Издавање на санитарна книшка.**
4. **Издавање на санитарни книшки**
5. **Санитарната книшка го подигнува лицето на кое што му е извршен прегледот или претставник на компанијата овластен да ги преземе санитарните книшки.**

**Институции за извршување на санитарно здравствените прегледи:**

1. **Во Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија;**
2. **Адреса: Скопје, ул. 50-та Дивизија бр.6, во Одделението за исхрана и здравствено-хигиенски (санитарни) прегледи во соба со број А-8;**
3. **Во работните простории на нарачателот (на терен).**

**Начин на плаќање:**
**Во готово или фактура**

**ПРЕГЛЕД НА ЛИЦА ОПФАТЕНИ СО САНИТАРЕН ПРЕГЛЕД И РОКОВИ ЗА НИВНО ИЗВРШУВАЊЕ**

| Категорија | Време на преглед |
|---|---|
| **Воспитно – образовна дејност** | |
| Наставници, хигиеничари, воспитувачи, педагози, психолози, дефектолози, социјални работници итн. кои не се во контакт со храна. | Еднаш годишно |
| Лица вработени во областа на исхрана, грижа и одржување хигиена кај деца во предучилишни установи, установи за колективно сместување на деца и младинци и институции за социјална заштита за сместување на лица од одредени категории. Негувателки, медицински сестри, вработени во кујна, хигиеничари и слично. | На секои шест месеци |
| **Здравствена дејност** | |
| Лекари, фармацевти, медицински сестри, здравствени соработници, болничари (кои не се во контакт со храна), медицински техничари, лаборанти, хигиеничари. | Еднаш годишно |
| Лица вработени во грижата и исхраната на пациентите и одржувањето хигиена во здравствените установи и други форми на здравствена заштита, во одделенијата наведени долу:<br>-во акушерски одделенија со боксови за новороденчиња;<br>-во одделенија за предвремено родени бебиња;<br>-во одделенијата за деца на здравствените установи каде се врши стационарна | На секои шест месеци |

| Категорија | Време на преглед |
|---|---|
| **Воспитно – образовна дејност** | |
| Наставници, хигиеничари, воспитувачи, педагози, психолози, дефектолози, социјални работници итн. кои не се во контакт со храна. | Еднаш годишно |
| Лица вработени во областа на исхрана, грижа и одржување хигиена кај деца во предучилишни установи, установи за колективно сместување на деца и младинци и институции за социјална заштита за сместување на лица од одредени категории. Негувателки, медицински сестри, вработени во кујна, хигиеничари и слично. | На секои шест месеци |
| **Здравствена дејност** | |
| Лекари, фармацевти, медицински сестри, здравствени соработници, болничари (кои не се во контакт со храна), медицински техничари, лаборанти, хигиеничари. | Еднаш годишно |
| Лица вработени во грижата и исхраната на пациентите и одржувањето хигиена во здравствените установи и други форми на здравствена заштита, во одделенијата наведени долу:<br>-во акушерски одделенија со боксови за новороденчиња;<br>-во одделенија за предвремено родени бебиња;<br>-во одделенијата за деца на здравствените установи каде се врши стационарна | На секои шест месеци |

## ***СИСТЕМАТСКИ ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТЕНИТЕ***

***ПРАШАЊЕ:***

Во кој временски период треба да се спроведуваат систематски прегледи на вработените и кои се казнените одредби во случај на неопочитување на законските одредби?

***ОДГОВОР:***

Согласно член 22 од Законот за безбедност и здравје при работа ("Службен весник на "РМ" 92/07...30/16 и "Службен весник на РСМ" 18/20, 74/25), работодавачот мора да обезбеди здравствени прегледи за вработените **најмалку на секои 24 месеца**.

**Висината на трошоците за здравствените прегледи**, која ќе се определи во ценовникот, се утврдува врз основа на видот, начинот и обемот на вршење на здравствените прегледи.

**Овластената здравствена установа е должна да ги врши здравствените прегледи,** согласно со стандардниот минимум кој е задолжителен за сите систематски, претходни, насочени и периодични прегледи, кој се состои од:

- ***Анамнестички податоци (работна анамнеза, главни тешкотии, сегашна болест, фамилијарна анамнеза, лична анамнеза и социјалноепидемиолошки податоци),***
- ***Статус по системи и антропометрија (телесна маса, телесна висина и индекс на телесна маса),***
- ***Основни лабораториски анализи и тоа седиментација, крвна слика (еритроцити, хемоглобин, хематокрит, леукоцити, гликемија, холестерол, триглицериди), урина, шеќер, протеини, билирубин, уробилиноген, седимент,***
- ***Испитување на функцијата на видот (острина на видот за близина и далечина),***
- ***Аудиометрија,***
- ***Спирометрија, - ЕКГ (12) одводи и - радиофотографија на граден кош - по одлука на лекарот.***

Согласно член 58 од Законот за безбедност и здравје при работа;

**Глоба во износ од 500 до 1.000 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече на **микро и мал** работодавач - правно лице,

**Глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра** во денарска противвредност ќе му се изрече на **среден работодавач** - правно лице и

**Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра** во денарска противвредност на **голем работодавач** - правно лице, ако:

- ✓ **Не изврши здравствени прегледи на вработените најмалку на секои 24 месеца**.